**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 септември 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 13,17 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Арбен Џафери, Мендух Тачи, Агим Рамадани, Љубчо Ѓорѓиевски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Андреј Жерновски, Елмазе Селмани, Данаил Дончев, Јани Макрадули и Радмила Шеќеринска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 2 - Предлог за донесување на закон за производи за заштита на растенијата, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закнот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доствени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Панче Димески, повелете.

**Панче Димески:** Почитуван претседателе, почитуван министер, дами и господа пратеници,

Пред нас е Предлог-законот за производи за заштита на растенијата што претставува уште еден закон од законите со кои го хармонизираме нашето законодавство со тоа на Европската унија.

Со овој закон се регулира една многу битна и осетлива област и тоа за прв пат во Македонија се прави по примерот на законодавството на Европската унија.

Со направената анализа на постоечкото национално законодавство се оцени дека е потребно да се изготви нов закон со кој ќе се регулираат производите за заштита на растенијата, а кој воедно ќе биде усогласен со законодавството на Европската унија и ќе бидат прифатени принципите и стандардите пропишани со регулативите на Европската унија.

Исто така предвидено е да се воспостави интегриран фитосанитарен систем кој ќе обезбеди соодветен капацитет за имплементација на законот, според стандардите на Европската унија.

Со донесувањето на овој закон ќе ја реализираме обврската на пазарот да имаме одобрени производи за заштита на растенијата според стандардите на Европската унија, кои соодветно на тоа обезбедуваат заштита на растенијата и производите од растително потекло. Со тоа се обезбедува соодветна економска оправдана заштита на растенијата и земјоделските производи, заштита на сточната храна со дозволено максимално ниво на резидуи.

Конкретно да кажам дека во овој закон станува збор за регулирање на материјата околу пестицидите.

Пестицидите се синтетички, поретко природни и селективно отровни материи наменети за уништување на штетни животински и растителни организми. Обласа на примената на пестицидите е многу широка и има значајна улога во растителното и анималното производство, јавното здравство и превозот. Нивната примена во земјоделското производство е неопходна, бидејќи само со нивна примена може да се осигура таков обем и квалитет на земјоделските производи кој ќе гарантира нивна рентабилност.

Во последните 50-тина години пестицидите заедно со вештачките ѓубрива станаа најбарани производи во земјоделството и воедно учествуваат со голем процент од цената на чинење на земјоделските производи.

Поголемиот број на проблеми со кои се среќаваат поледелците и сточарите, ги решаваат благодарение на хемиската индустрија која денес овозможува контрола на целокупното земјоделско производство. Меѓутоа, факт е и дека штетниците многу брзо развиваат резистенција на пестициди и ги присилуваат земјоделците да употребуваат нови и поотровни средства.

Интензивното земјоделско производство и примената на пестицидите е услов без кој денес не може ништо да се направи. Истовремено цената која ја плаќаме во борбата со штетниците е многу висока. Пестицидите ја загадуваат нашата околина, пред се површинските и подземните води и имаат многу штетно влијание во животинскиот и растителниот свет и се наоѓаат во прехранбениот синџир на многу диви но и домашни животни, за жал се наоѓаат и во прехрамбениот синџир на човекот.

Поради сето ова и сите овие опасности, неопходно е оваа проблематика да биде законски регулирана и тоа мошне добро е направено со овој Предлог на закон со кој прецизно е регулирано како се врши одобрување на производи за заштита на растенијата, кои документи се потребни, постапката за оценка на активната супстанца, постапката за одобрување на производот за заштита на растенијата. Детално се обработени условите потребни за производство на овие производи, нивното пласирање на големо и мало, во поглед на потребните простории, опремата, стручниот кадар и сл. Одреден е и начинот на кој треба да се декларира производот и тоа според меѓународните стандарди. Регулирано е тоа кои производи смеат да се употребуваат, на што се обврзува тој што ги употребува производите за заштита на растенијата во поглед на запазувањето, ограничувањата, интервалите на

примена, со кои машини и апарати треба да се врши примена и како соодветно да се постапува со амбалажата од употребените и неупотребените производи.

Овде би нагласил дека заштитата на пчелите и дивечот е обработено во едно посебно поглавје каде детално се одредени правата и обврските на оние кои ги аплицираат производите за заштита на растенијата и на оние кои одгледуваат пчели, во однос на навремено информирање преку јавните гласила и надлежните инспекциски служби.

Овде уште би спомнал дека надзор над спроведување на одредбите на овој закон ќе вршат фитросанитарните инспектори и земјоделските инспектори и нивните овластувања се детално уредени.

Исто така се надевам дека ресорното министерство во предвидениот рок ги донесе сите неопходни подзаконски акти кои се неопходни за што побрза имплементација на одредбите на овој закон и дека во предвидениот рок Македонија ќе се ослободи од сите производи за заштита на растенијата кои не ги исполнуваат условите на овој закон и претставуваат реална опасност со многу несогледливи последици, за кои веќе говорев.

Моменталните регулативи од областа на пестицидите не обезбедуваат систем на сигурност на земјоделските производи од аспект на присуство на недозволени количини на резидуи од пестициди, со што сериозно се доведува во прашање извозот на нашите земјоделски производи.

Од тука неопходно е донесувањето на овој закон, меѓу другото и поради тоа да се обезбеди непречен извоз на македонски земјоделски производи, според стандардите на Европската унија, во однос на присуство на резидуи на пестициди.

Поради сите овие позитивни страни на овој Предлог-закон, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржи донесувањето на овој Предлог-закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господинот Влатко серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Како СДСМ, во учеството на Комисијата за земјоделие, шумарство и водостопанство, ние дадовме поддршка на овој закон, закон кој ќе придонесе да се стави еден ред во производите за заштита на растенијата, се со една единствена цел нашите производи да бидат поконкурентни и во земјите членки на Европската унија и во Република Македонија.

Што се однесува до Предлогот за донесување на закон за заштита на растенијата, нормално е секоја држава да си донесе закон, закон кој ќе ги регулира учеството на пестициди во производството и во одгледувањето на финалните производи, односно на земјоделските производи кои ќе бидат изнесени на пазарот.

Во глобала законот нуди повеќе решенија. Меѓутоа и законот како закон мора да биде достапен и добро имплементиран, што мислам дека со имплементирањето на овој закон доста работи ќе бидат добро претставени во производствените процеси и во самото земјоделие. Меѓутоа, со овој закон, мислам дека требаше да се внесат и некои одредби за стимулирање на органското производство, бидејќи со употребата на пестициди знаеме дека многу производи се загадени и на пазарот во Република Македонија можат да се најдат пестициди кои не соодветствуваат со стандардите и на Европската унија и со стандардите на Република Македонија кои имаат за цел да ги третираат житните растенија. Меѓутоа овој закон нуди едно решение кое решение ќе биде во согласност со европската легислатива и решенија кои ќе можат и земјоделците и луѓето кои се задолжени за контрола на земјоделските производи и за производството во земјоделието, да имаат јасна слика кои препарати, како и зошто се употребуваат при житните растенија и при производството на земјоделските култури. Затоа сметам дека овој закон, можеби има некои мали недостатоци, меѓутоа тоа ќе го дискутираме по Предлогот на законот, не знам сега дали е амандмански интервенирано, меѓутоа упатството да биде на македонски јазик третирано, што мислам дека во Република Македонија има и други етнички заедници каде упатството мислам дека треба да биде напишано на повеќе јазици кое ќе бидат достапни на сите луѓе да го прочитаат и да знаат за каков препарат се работи и упатството како да го употребуваат овој препарат.

Исто така, сметам дека овој закон може да претрпи мали измени околу завршните и преодните одредби, што мислам дека е многу долг периодот, со неговото стапување во сила кога Република Македонија ќе влезе во Европската унија. Сметам дека тоа е еден долг период. Можеби треба, меѓутоа тоа ќе го оставам на министерот за земјоделие, да оценат дали се создадени услови овој закон Република Македонија да го имплементира многу порано отколку кога ќе влеземе во Европската унија. Затоа сметам дека е добро што ваков закон ќе биде донесен во Собранието на Република Македонија и сметам дека со овој закон ќе се стави еден ред при употребата на пестициди во земјоделието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор министерот за земјоделие.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам.

Овој закон е еден од приоритетнит закони за донесување, усогласен со ЕУ законодавството што го регулира пласирањето на пазарот на производите за заштита на растенијата. Според тоа е и вклучен во програмата на Владата на Република Македонија за донесување во скратена постапка.

Со овој закон ќе се регулираат производите за заштита на растенијата кои имаат примена во земјоделството и шумарството, како важна компонента во земјоделското производство и заштита на шумите.

Исто така доста важен и неопходен закон за ставање во практична примена, бидејќи со неговата примена се обезбедува стандардно за земјоделско производство од аспект на квалитетот и земјоделските производи со дозволени количини на остатоци, резидуи од производи, за заштита на растенијата односно производство конкурентно на меѓународниот пазар.

Со постоечкото законодавство производите за заштита на растенијата беа регулирани на начин кој не соодветствува на Европската унија, процедури и стандарди. Поради тоа се пристапи кон донесување на нов закон усогласен со основните регулативи на Европската унија од областа на производите за заштита на растенијата и меѓународните стандарди.

Би сакал да нагласам неколку делови од овој закон кои се од посебно значење.

Законот воглавно го регулира следното: одобрување на производи за заштита на растенијата, според принципите унифицирани на ниво на Европска унија односно според Европската унија и меѓународните стандарди; прифаќањето на европските листи на одобрени активни супстанци и производи за заштита на растенијата на кои е направена ревизија од релевантни комисии и тела, во однос на токсиколошките, екотоксиколошките аспекти и за квалитетот и ефикасноста на истите; се дозволува взаемно признавање на одобренија во Република Македонија со земјите членки на Европската унија, за производи кои се одобрени од Европската унија; се дава можност и за паралелен увоз на производи од производител кој кој гима регистриран производот во Република Македонија; скратена постапка за помошни производи, феромони, адрактани, референтни и други и биоагенсите во однос на другите производи, со цел за зголемување на употребата на биоагенсите; одреден е надлежен орган за водење на постапката за одобрување, организирање на евалуација на досието и официјалните тестови, координирање со други надлежни органи вклучени во постапката односно воведување на систем, поднесување на барање и добивање одобрение во еден орган; се регулира и заштитата на податоците за досието на носителот на правото на активна материја и производ за заштита на растенијата и воведување на одговорности каде за сите вклучени во постапката односно до сите кои имаат пристап до податоците кои се заштитени; обврска на производителите кои употребуваат производи за заштита на растенијата, да ги употребуваат на пропишан начин, да не се надминува максималната доза, да се одржат пропишаните максимални количини на резидуи, да водат евиденција за употребените производи за заштита на растенијта, да се почитува рокот на употребата и да се постапува прописно со неупотребените производи и амбалажите; да се даде обврска на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за едукација на производителите за употреба на производите за заштита и ракување со опремата за соодветна апликација.

За прв пат се регулира опремата за апликација како важен сегмент во употребата на производите за заштита. Се воведуваат регистри на опрема и поседување на сертификат за усогласеност и сертификат за контролно тестирање и услови за увоз на опрема. Одредени се активностите од областа на производите за заштита кои може да се даваат на јавни услуги и јавни овластувања, пропишан начин за спроведување на јавните услуги, со конкурс, цените и условите кои се потребни за извршување на истите. Одредени се правила и обврски на оние кои употребуваат аплицирани производи за заштита на држателите на пчели и на надлежните органи. Посебно е зајакната контролата на производството, увозот и пласирањето на големо и мало со регулирање на обврската на производитеот, или оној кој го препакува и го пласира на пазарот, производот за заштита. На секое пакување да се стави бандерола со сериски број, издадена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанството. Зголемени се казните во однос на висината на казната, забрана за вршење на дејност, одземање на производите за заштита и друго. Воспоставена обврска за размена на информациите и претставување на Република Македонија во релевантните комисии и тела и други релеватни меѓународни организации и тела.

Би сублимирал околу целта за донесување на овој закон:

Да се обезбеди и употребува ефикасно најмалку штетни производи по здравјето на луѓето и луѓето. Потоа, да се обезбеди континуираност на пазарот со роизводи од еминентни европски и други светски производители. Да се спречи нерегуларно производство, увоз и пласирање на пазарот, на производи за заштита. Да се спречи употреба на неоригинални и забранети средства. Да се спречи несоодветно пакување, декларирање и друго. Да се употребуваат производи за заштита, според дозволените количини. Да се запазуваат максималите граници на остатоци и резидии во земјоделските производи.

Со донесувањето и имплементацијата на новиот закон за производи за заштита на растенијата се

очекуваат позитивни влијанија во меѓународниот промет на земјоделски и шумски производи, намалување на трошоците во земјоделското производство, производи според ЕУ и меѓународни стандарди и конкурентни на пазарот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам министре.

Има збор господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Ви благодарам господине претседател, почитувани пратеници, господине министер,

Ова е добра прилика да се дебатира и на оваа тема која е во однос на некои аспекти кои се третираат во неколку закони поврзани со потребата за исполнување на стандардите за зачленување во Европската унија, но и поконкретно со потребата за создавање на услови за подобро здравје, подобри здравствени услови, секако и превентива за здравјето на човекот од болестите.

Се знае дека храната се третира на стриктен начин во директивите на Европа затоа што тоа е во однос на здравјето на човекот и на животните и сите заедно влијаат врз здравјето на човекот. Затоа мислам дека европските директиви во делот на земјоделието и заштита на растенијата се многу стриктни.

Јас мислам дека со овој закон ќе биде добро преку него се определени и утврдени норми со кои Република Македонија се приближува кон овие стандарди и на овој начин ние, на нашиот пат кон европска интеграција во овој сегмент вршиме дел од нашата задача.

Но сепак, слушајќи го министерот и претходните говорници, без да се повторувам, морам да кажам неколку збора кои всушност го стеснуваат просторот за тоа дека ја правиме најдобрата работа во оваа насока, всушност носиме закони кои би можеле да се дискутираат на пошироко ниво и како такви ќе бидат спроведливи. Тоа е првата работа.

Министерот да даде образложение зошто овој закон е со забрзана постапка, аргументот што го даде навистина не држи. Времето е релативна категорија и тоа може да се определи од самиот човек. Всушност, самиот човек ја прави таа работа и секогаш за значајни работи како правило се остава повеќе работа, а за помалку значајни работи се прави поинаку. Но, кога се работи за еден закон како што е овој и за прашања ги третира овој закон сигурно дека не може да се каже и да се аргументира дека единствен начин ни треба за Европската унија, времето е кратко и затоа се носи со забрзана постапка.

Ќе беше начелно или принципиелно и ќе беше многу подобро и во функција на квалитет на самиот закон доколку истиот, како и многу други закони кои ни се наметнуваат со забрзани постапки да се донесе во редовна постапка со можност за давање простор сите оние кои ја познаваат оваа материја и кои ќе бидат засегнати и кои утре треба да бидат спроведувачи на овој закон да го направат тоа на тој начин што ќе бидат поинформирани и ќе го направат поефективен истиот закон.

Но, како и да е, поради тоа поддршката или причината од донесување на овој закон, закон кој е во функција на европските интеграции го поддржуваме затоа што законот како таков ќе зависи од третирањето на амандманите и другите причини кои можат да произлезат од расправата.

Тоа што е исто така вознемирувачко и кое се повторува при неколку закони е фактот кој всушност е во тоа што се закони во однос на здравјето на човекот, консуматорот или потрошувачот и овде имаме еден закон во членот 25 вели дека пакувањето и претставувањето на производите ќе треба да бидат само на македонски јазик.

Јас не сум член на матичната комисија, мислам дека Комисијата имала заклучок за предлагање на еден амандман за да поинаку се надмине оваа ситуација, но не го гледам известителот на Комисијата, можеби во меѓувреме ќе се јави за збор, но, како и да е, јас би апелирал до сите оние сектори кои ги третираат овие прашања да не не доведуваат во ситуација да поднесуваме амандмани или да предлагаме такви предлози и попусто да аргументираме нешто што е толку јасно како бел ден.

Правото на добро информирање во однос на лекарствата кои, за жал, со Законот за лекови не беше прифатен амандманот од Владата, законите кои се во однос на храната како и многу други аспекти кои се во однос на здравјето на човекот и во целост правото на потрошувачот и кое е основно начело на градење на овие закони не треба да биде објект на разни дебати, туку Владата априори претходно треба да ги има предвид овие работи кога ги предлага законите.

Затоа очекувам оваа определба од членот 25 точка 3 да се уреди на соодветен начин затоа што извира од правото на потрошувачот. Можеме и тоа прашање на Парламентот да го отвориме, меѓутоа, не треба задолжително да се поврзува со правата кои извираат од правото на јазикот, Амандманот 5 итн. Тоа е подлабоко и поелементарно отколку политичкото право затоа што тоа е човечко право да биде информиран за тоа што го употребува и што е во однос на неговото здравје. Тоа е исхраната, пакувањето на храната, пакувањето на лекарствата и пестицидите. Тој амандман не беше усвоен, но имам информации дека Комисијата реагирала на ова прашање и очекувам тоа прашање да се надмине како што беше кажано.

Но, овде имам уште една забелешка, тоа го повторувам неколку пати, правото извира од правото на потрошувачот. Овде често пати се предлагаат вакви закони во овој несоодветен дух кој се однесува на потребата од правилно информирање на потрошувачот. Доколку

Здружението на потрошувачите, како легитимна структура не реагира за ова прашање, ја користам приликата да го известам Здружението на потрошувачите кои треба да биде портпарол или гласноговорник за овие прашања од овој аспект, од аспект на заштита на потрошувачот да го каже својот збор визави овие закони кои сега ги донесуваме или актуелните закони кои од овој аспект не се во функција на избегнување на злоупотребата поради недоволно информирање или несоодветно информирање.

Да не го третираме како политичко и поставувам прашање како е структурирано тоа здружение, врз кои принципи функционира и дали се грижи за сите потрошувачи во Република Македонија или само за една група потрошувачи, што не е вина на овој Парлалмент, не е вина ни на политичките партии, меѓутоа, заслужуваат една јавна критика од оваа природа и јавно ги поканувам да се изјаснат за вакви прашања за да не го оптоварат политичкиот процес, нашите расправи во Собранието со прашања кои всушност припаѓаат на нивниот ресор.

Трето, сакам да коментирам неколку можни ефекти од  амандманите на Владата. Тие го аплицираат принципот на молчење на администрацијата врз основа на што странката или администрацијата може да добие позитивен одговор. Доколку администрацијата молчи одговорот ќе се смета како позитивен или како даден и во ситуација на гилотина на администрацијата за уредување на прашањата.

Кога се работи за храна и за ова толку чувствително прашање ќе беше многу ризично во оваа фаза или без соодветни механизми на инстанци кои треба да одговараат производителите на храна, на пестициди и други аспекти само поради административен молк, нагласувам во оваа фаза, бланко да им се даде или да им се подразбере како позитивен одговор.

Мислам дека во начело јас не сум против овој механизам кој Владата настојува да го практикува за немалтретирање на потрошувачите или службите кои можат да бидат странки или поединци, физички лица или правни лица, но имајќи ја предвид опасноста која извира од можните злоупотреби и заради поштенската услуга, можеме да навлеземе во еден сегмент каде Владата на несоодветен начин ќе ја промовира оваа административна гилотина и ќе може кај пестицидите или кај храната да се примени.

Доколку Владата одлучила таква работа и проценила дека сега и за храната и за пестицидите е момент вака да се третира ова прашање, тогаш би ја поканил Владата навистина да ги зајакне своите капацитети, капацитетите на органите кои се бават со овие дозволи навистина да не не донесат во ситуација нас како потрошувачи и граѓани во целина некој прехранбен продукт или некое средство во производство на храна, пестициди, лекарства да се стави во функција на тоа што претходно органот одговорил еден ден подоцна или два дена подоцна или поштарот не стигнал на време и тој да го искористи ова законско право. Тоа е исклучително опасно, ризично, затоа уште еднаш ја поканувам Владата доколку навистина мисли ова да го практикува, подобро да ги зајакне капацитетите, да ги отвори очите во оваа насока за да ги зајакне капацитетите на сите инстанци што ги издаваат овие дозволи за да не се доведе во позиција странката која бара дозвола да се повика на административен молк.

Кога се работи за храна и за правото на здравјето и други работи многу е опасно во оваа фаза, имајќи го предвид капацитетот на сите административни капацитети во Република Македонија, не се работи само за тоа дали Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство или некоја управа има капацитет, туку се работи за болест која е во поминување, на една сеуште инертна администрација, бирократизирана и со менталитет кој всушност произведува таков ефект, за што сме сите виновни, меѓутоа, треба малку да се приспособиме доколку треба да се докаже административната гилотина мислам дека не е умно да се направи токму кај храната, кај пестицидите и каде една одолговлечена процедура за која можат да се оправдаат ден, два, некој да се повика на административен молк и да добие позитивен одговор.

Ова се забелешките што јас проценив дека треба да ги кажам, ќе го следиме адаптирањето на законот сосе амандманите и согласно на тоа ќе го изградиме нашиот став за финалната фаза на законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине министре, имате збор.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе.

Само накратко, не би се согласил со констатацијата дека овој закон е работен без координација или без расправа. Овој закон, за жал, требало да биде донесен 2005 година, после тоа бил пролонгиран за почетокот на 2006 година, притоа биле завршени сите расправи, тркалезни маси на кои биле вклучени друштвата за заштита на растенијата, други експерти, едноставно веќе две години доцниме со донесувањето на овој закон. Не знам од кои причини не бил донесен, но во меѓувреме сами сме сведоци дека со недонесување на еден ваков закон и како е регулирано прометот, употребата на пестицидите и како тоа негативно делува на нашето земјоделие.

Што се однесува до делот на употреба на јазиците, мислам дека овој закон не ја забранува можноста за превод на упатството на сите други јазици и декларација на сите други јазици се со цел да биде подобро разбрана.

Што се однесува до скратената постапка би нагласил дека поради неусогласеноста на овој

закон со законодавството на Европската унија многу наши извозници на земјоделски производи имаат проблем со извозот.

Она што би сакал на крајот да го истакнам дека сите амандмани или сите измени во делот каде молчењето е одобрување фактички сакаме да дадеме придонес во забрзување на постапката што ја спроведува јавната администрација и едноставно со сите други мерки што ги преземаме, мислам дека ова ќе вроди со еден резултат од ефикасност во администрацијата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Реплика има господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Јас бев јасен, министерот го кажа тоа што мисли, а во однос на доцнењето, малку е во стилот на претседателот на Собранието, доцниме две години, но јас мислам дека доцниме многу повеќе и тоа по разни основи и од разни причини, но тоа не е право образлагање зошто овој треба да доцни или зошто овој не е во две фази.

Тоа што рекoв дека е во ваш стил, ќе кажам дека Балканот значи доцнење. Затоа сме тука каде сме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе,

Ќе се потрудам да бидам што пократок.

Колегата Влатко Серафимов го кажа ставот на СДСМ и кога бевме на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, го поддржавме овој закон со одредени забелешки кои не беа кој знае од каков карактер односно со голема тежина, но сепак дадовме забелешки.

Моето јавување ќе биде повеќе околу некои забелешки на колегите од ВМРО-ДПМНЕ кои се во Комисијата, пред се на колегата Панче Дамески кој го поддржа законот како што го поддржавме и ние, но сепак очекував, не го гледам колегата Ратко Димитровски кој на Комисијата имаше неколку забелешки, има поднесено три амандмани, можеби ќе ги повлече.

Мојата забелешка е, мислам дека колегите пратеници од позицијата, не се сомневам дека нема да го поддржат законот, еве и ние го поддржуваме и се што со знакчето на Европската унија поддржуваме со одредени забелешки. Јас очекувам и покрај тоа што ќе го поддржат, ако има забелешки, ако треба нешто да се измени и да се реагира до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство треба слободно да се каже како што претходниот пат го направи на Комисијата колегата од ВМРО-ДПМНЕ, што беше позитивно од негова страна, тој не е овде не знам дали ќе ги повлече овие амандмани.

Зборот ми е, без разлика како ќе го гласаме дали сме за поддршка или не, но нешто што не е добро треба со одредени забелешки или амандмани да го подобриме. Ако е тешко со амандмани, ако колегите од позицијата се плашат дека амандманите ќе бидат одбиени, мислам дека во една слободна дискусија треба да се каже што не чини, а што чини.

Предлог законот, почитуван министре, што го носиме за квалитетни и добри производи кои би ги пласирале и би немале проблем кога треба да се продадат на странскиот пазар односно во Европа не е спорно дека со овој закон се заштитуваат, дека ќе бидеме конкурентни на европскиот пазар, но мислам дека овде има и за домашниот пазар, да не ги занемариме производите кои се пласираат на домашниот пазар.

Сега не би сакал да зборувам какви производи имаме на нашиот домашен пазар, сите знаеме за какви производи се работи особено за одредени производи, сите знаеме какви се, а ги консумираме.

Мислам дека овој закон го овозможува тоа не само да го изгласаме, туку да се примени односно производите за европскиот пазар не се сомневам дека ќе бидат контролирани ако не од наша страна ќе бидат контролирани од таму каде треба да бидат пласирани дали ќе биде тоа Германија, Швајцарија или некоја друга земја, ако не се по тие стандарди тие нема да ни ги примат, нема да ги царинат, немаат влез во тие земји.

Моето обраќање е да дадам на знаење не само да се сконцентрираме на извозот во странство, туку да водиме евиденција и за домашниот пазар затоа што сите овде живееме, живеат нашите деца и треба да имаме квалитетен производ.

Еве тука во Предлогот на законот и во кажувањето на министерот имам нешто прибележано што еве баш за таа тема сакам да зборувам, за домашното производство, ме радува и само да не се изостави, да се донесе законот, се да се заборави, каде што вика “особено се зајакнува производството, увозот и пласманот на производи за заштита на растенија на големо и на мало преку увезување на обврска на производителот. На секое пакување на производите да се става бандерола”.

Значи тоа се однесува на еден начин пак, значи за увоз-извоз, значи ќе потенцирам овие инспекциски контроли кои што ги има Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, повеќе да излезат на терен, не им треба многу, не мора да доаѓаат во Струмица, до Гевгелија и до Росоман, можат и овде до пазарите некои производи кои што ги има да ги контролираат, дали треба да ги консумираме или не.

На крајот овој закон, како што кажав ќе го донесеме, но сето мое обраќање, сето мое кажување би сакал тоа да се примени и во секојдневната пракса. Тоа не го кажувам случајно, го кажав на повеќе дебати кои ги имавме со министерот, повеќе пати сме разговарале, повеќе пати и во оваа собраниска сала сме дебатирале

секогаш сум кажувал, еве и сега ќе го повторам, можеби по десетти пат оние закони кои што ги доенсуваме, да не ги донесуваме само заради ради реда, туку да ги донесуваме затоа што сме обврзани за одредени стандарди кои што ни ги бара Европа.

Имав повеќе, но сега министре ќе ти кажам еден закон кој што го имаме доенсено, за кој што дебатиравме Законот за шуми. Јас тогаш и во оваа сала и на Комисијата реков дека овој закон така како што се предлага, барем за 2007 година не е применлив. Зошто вие знаете, знаеме сите ние од Комисијата, знае и парламентарното мнозинство, но ние го донесовме Законот. Ако Законот...

(Реакција на некои пратеници од место).

Ако законот се примени како што ние го донесовме сега во цела Македонија ќе немаше никој да си купи огревно друво. Зошто, знаеме ние. Законот после нашето донесување стапи на сила. Само толку.

Почитуван минситре, сега на крајот пак сакам нешто до вас да се обратам и да ви кажам да не ги употребувате често тие термини "сакате", или во оваа сала, или на Комисијата, или кога имате телевизиски настапи, кога одите во Струмица, во Неготино, во Ресон и т.н., секогаш кажувате, тоа ви е како навика веќе, мислам дека треба малку да го избегнувате овој термин, можеби добро е како позиција нас да не напаѓате, или претходната Влада, секогаш кажувате овој закон требало да се донесе 2005, 2004 година, но не е донесен, од кои причини не знам. Како д ане знаеме дека некој требало да го донесе. Дали требало да го донесе, или не требало да го донесе, дали имало време, дали немало време, затоа што и вие знаете дека и претходната Влада има донесено многу закони кои што закони се однесувале, всушност закони кои што ги барала Европската унија.

Јас не сум бил во овој парламентарен состав во претходниот состав, но можам на некој следна седница да побарам од службите овде и од колегите кои биле по оваа проблематика да ми дадат податок колку закони имаме ние донесено, конкретно сега не би одел, знаеме колку има донесено во одбраната, во правото и т.н., конкретно би сакал да имам податоци и би ви ги кажал следниот пат кога ќе се видиме во оваа сала.

Овој закон, Предлог закон како што е даден овде значи е надополнуван 1998 година, потоа највероватно 2000 година и во контекс на тоа што ви го зборував сега значи една од причините односно обврските за донесување на овој закон кажува дека една од причините е Спогодбата за стабилизација и асоцијација во 2001 година и ред други работи, кои што се зголемени. Значи, почитувани колеги пратеници ние ќе го подржиме овој закон, законот е добар, да не должам многу почитуван министре не само да го донесеме, да ги заштитиме нашите извозни производи, нашите производи таму каде што ќе одат тие односно земјите, луѓето таму да користат, да користат наши квалитетни производи, а да го занемариме домашното производство, затоа што ние овде живееме, овде растат наши деца, ќе растат и нашите внуци, Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за производи за заштита на растенијата.

Пред да ве повикам да гласаме, ги замолума колегите пратеници кои се надвор од салата да пристапиме на гласањето.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Ги молам пратениците уште еднаш да влезат во салата за да пристапиме кон глесање.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Ги молам стручните служби да утврдат точен број на присутни пратеници во салата).

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Почитувани колеги бидејќи во салата немаме доволен број на пратеници, а со оглед на тоа што почнавме со работа во 13,00 часот, а информиран сум дека сеуште заседава Комисијата за политички систем, каде што има поголем број на наши колеги пратеници, во тој случај објавувам пауза до 15,00 часот. Со тоа ќе може да се оди и на ручек. Благодарам.

(Пауза од 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,25 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеник, за гласале 51, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 56 гласале за, воздржан 1, против 1.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 8, за додавање нов став 2 по ставот 1 и за додавање нов став по ставот 2 алинеја 3, член 28 за додавање нов став 12 по ставот 11, член 29, за додавање нов став 7 по

ставот 6 и на член 39 за додавање нов став 8 по ставот 7 и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Ратко Димитровски поднесе амандмани на член 13 став 7, член 13 за менување на став 8 и за менување на член 89, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандман на член 25 став 3, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 7, поднесен од пратеникот Ратко Димитровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Спасеноски.

**Ацо Спасеноски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави Ратко Димитров, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам претседателе.

Моите амандмани се однесуваат на член 13 став 7 и став 8 и се однесуваат за влегување во сила на овој закон, односно со измена на текстот на законот во кој стои - количините за производи за заштита на растенијата, за производи кои содржат такви супстанци вклучени во анекс 1, а не се од производител кој примил одобрение од Упрвата, ќе може да ги пласираата на пазарот се додека ги исполнуваат условите предвидени со законот за заштита на растенијата.

За ова би сакал да дадам едно образложение заради тоа што со неприфаќањето на овој амандман ќе се појават некои проблеми. Тоа се: рокот на важењето на пестицидите го пропишува производителот и тие се прифатени кај нас, тој може да биде различен, од една до пет години. Сите тие пестициди кај нас се увезени легално, според сегашните прописи. За нив се дадени сите давачки, во смисла на царини и даноци, а уништувањето на останатите пестициди е тешко изводливо поради тоа што знаеме на кој начин тие се уништуваат односно во Република Македонија ние немаме специјален генератор за уништување на отровните отпади, што значи дека тие можат да се потрошат само преку нивна примена и на друг начин.

Меѓутоа од разговорите со надлежните од Министерството, посебно од министерот добивме цврсто убедување дека сите овие материи ќе се разрешат во подзаконските акти и во онаа друга законска процедура која ќе произлезе од овој закон. Заради тоа ги повлекувам овие амандмани.

**Љубиша Георгиевски:** Двата амандмани на господинот Ратко Димитровски се повлечени.

Отоврам претрес по амандманот на член 25 став 3 поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор преставникот на Владата повелете господине министре.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе.

Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, за гласале 2, воздржано 4, против 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отоврам претрес по амандманот за менување на член 89 , поднесен од пратеникот Ратко Димитровски.

И овој амандман е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, за гласале 49, воздржано 1, против 4.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за производи за заштита на растенијата.

**Минуваме на точка 3 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за царинската управа, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правна комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претресот по предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот заменик министер за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Почитуван претседател, почитувани пратеници.

Со донесувањето на овој закон се овозможува операционализација на решенијата содржани во Законот за прекршоци кој предвидува орган на џавната управа да може да води прекршочна постапка или изрекува прекршочни санкции. Исто така со овој закон се врши усогласување на висината на прекршочните одедби согласно со Законот за прекршоци. Од причини што со Законот за царинска управа покрај другото се уредуваат и нејзините надлежности, нејзините права и обврски се предлага и овластување на

царинската управа за водење на самата прекршочна постапка. За оваа прекршочна постапка во овој закон се предлага формирање на комисија за царински прекршоци за сите закони кои што се во надлежност на царинската управа. Со ваквиот начин на работење ќе се постигне намалување на предметите што се кај судовите.

Исто така, со овој закон се предлага дополнување на членот 67 со цел специфичните работни места кои што се од особено значење за ефикасноста на царинската управа, а за кои министерот за финансии на предлог на директорот на царинската управа можат да определат поголем процент на плата во висина на пропишаниот процент согласно член 67 став 3 од законот, да бидат работни места кои што се утврдени односно определени со акт на Владата. Тие се специфицирани. Ова би било на кратко образложение во врска со измените. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за царинска управа.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, за гласале 57, воздржано 1, против 1.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеници, 59 гласале за, воздржан 1, против 1.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за додавање нов член 6 по членот 5 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, сите 58 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за царинска управа.

**Минуваме на точка 4 - Предлот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот од Законодавно-правна комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?
За збор се јави господинот замиеник министер за финансии.

**Предраг Трпески:** Почитуван претседател,

Сосема на кратко.

Со донесувањето на овој закон се врши усогласување на висината на прекршочните одредби од овој закон како и се пропишува висината на глоба при спроведување на мандатна постапка согласно член 48 од Законот за прекршоците. Значи, со измените се врши усогласување на овој закон со Законот за прекршоци.

Исто така, во овој Предлог на закон се уредува и надлежноста за водење на прекршочна постапка која ќе ја врши царинската управа. Ова подетално го образложи во експозето од претходната точка, од претходниот закон што веќе го усвоивме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван заменик министер.

Сосема на кратко, почитувани колеги пратеници, нема да одземам многу време од работата на денешната пленарна седница затоа што се работи за закон што е навистина едно усогласување, но не би можела, а да не кажам два-три збора.

Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост е донесен во 2005 година и секако во согласност со Европската унија усогласен е со регулативата на Советот под број 1383/2003, значи апсолутно усогласен со сите акти кои ја третираат заштитата на интелектуалната сопственост.

Мојата дискусија беше во насока да кажам само една реченица, за жал, имам чувство дека овој закон не само што не предизвикува интерес кај колегите од парламентарното мнозинство немаат трпение една минута да ме сослушаат, туку имам чувство и не многу се имплементира, очекувам со овие измени законот во целост да се имплементира затоа што, почитувани колеги, интелектуалната сопственост, еве како што и денеска се случува на седницата најверојатно е нешто што најмалку се цени во Република Македонија, нешто што најмалку се почитува, па затоа од овој аспект реков ќе дадам поддршка на законот и очекувам негова целосна имплементација.

Да покажеме дека во Република Македонија може да се цени и нешто што не е материјално односно интелектуалната сопственост. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 60 гласале за, воздржани нема, 2 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 62 гласале за, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, сите 60 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост.

Процедурално, повелете госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Господине Георгиевски заради тоа што во претходните неколку наврати се случи одредени закони да бидат изгласани со 53 и со 58 пратеници, во овој случај со 60, без да го утврдите точниот број на пратеници во салата, затоа овој пат инсистирам да го утврдите точниот број на пратеници во салата заради тоа што, согласно Деловникот, ја имате таа обврска.

**Љубиша Георгиевски:** Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Не е спорно гласањето, спорен е кворумот, така ве разбрав.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Вака излегува 64 пратеници.

Значи, гласањето е валидно.

Процедурално побара господинот Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Не, не, има право, не треба да се извинува.

**Цветко Грозданов:** Точно по тој основ сакав да дадам една процедурална забелешка на колешката затоа што во моментот на гласањето на претходните Предлог-закони и закони, колешката не беше присутна во салата така што нејзините изнесувања беа паушални, значо неточни и сметам дека треба да се извини на македонската јавност за ваквите нејзини изјаснувања или изнесување на лаги пред македонската јавност.

Втора работа која сакам да ја напомнам, пред нас е дневниот ред и пред секоја точка од дневниот ред имаме знаменца од Европската унија. Јас би ги повикал, јавно, пратениците од СДСМ да влезат и да придонесат заеднички да ги усвоиме овие закони, како би можела Македонија што побргу да чекори кон патот на Европската унија и НАТО алијансата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Од моја страна на овие процедурални забелешки да одговорам, како што ми е должност. Треба да ви кажам дека ние секогаш двајцата што седиме овде имаме перманентно увид во бројот на пратениците и ги броиме пред да прогласам гласање за нас.

Меѓутоа, се прават грешки и затоа не треба да се примаат малигно некои предлози, во секој момент треба да се преброиме за да сме чисти. Мислам дека од тоа не треба да се прави посебен ишју, предлагам да продолжиме со дискусии.

Процедурално госпоѓица Грковска.

**Славица Грковска:** Бидејќи претседателе вие не го прекинавте претходниот говорник кој немаше процедурална забелешка, туку имаше реплика, јас барам, заради тоа што беа искажани невистини, да се достави до пратениците информација или листинг за секое од претходните гласања и да биде доставен на увид на јавноста да видат дека претходните закони, дека претходните гласања, имавме ситуација во која одредени закони и амандмани беа изгласувани со 53 или 58 гласа, без вие да го утврдите точниот број на пратеници во салата.

Вие тоа го имате како обврска да го направите веднаш после секое гласање кога ќе видите дека не гласале 61 пратеник за одреден закон или амандман. Вие не можете да бегате од таа обврска.

Инаку, одбивам да бидам повикувана од истите оние кои ги кочат реформите за Европската унија и НАТО да ме повикуваат на самосвест затоа што, до колку не беше така, ние немаше да обезбедуваме кворум постојано во салата ниту ќе гласавме за законите кои го имаат европското знакче.

Оние кои го уриваат системот во Република Македонија и прават се да ги пролонгираат преговорите со Европската унија, имаат најмалку право да зборуваат за тоа дека треба да се работи на таков начин во Собранието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Немаме повеќе процедурални.

**Минуваме на токата 5 - Предлог за донесување на закон за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Пред вас имате Предлог за донесување на закон за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, со Предлог на закон.

Формирањето на Национална агенција која треба да овозможи рамноправно учество на Република Македонија во две програми на Европската унија тоа се: "Млади во акција" и "Доживотно учење".

Овие две програми спаѓаат во групата на приоритетни програми на Европската Комисија, а непосредно се во контекст на приклучувањето на Република Македонија во Европската унија.

Основањето на самостојно тело на Национална агенција која што треба да ја координира работата на двете програми "Млади во акција" и "Доживотно учење" претставува исполнување на административен предуслов поставен од Брисел, а со чие формирање и успешно функционифрање Република Македонија ќе го исполни предусловот и е започне со полноправно користење на споменатите програми исто како и сите членки на земјите од Европската унија.

Овој закон е направен врз основа на европските искуства со вклучување на сите забелешки од страна на Европската комисија и со целосно транспонирање на законодавството на Европската унија и тоа

- Одлука 1719/2006 на Европскиот парламет и Советот од 15 ноември 2006 година за утврдување на програмата "Младите во акција" за периодот од 2007 до 2013 година

- Одлука 1720/2006 на Европскиот парламент и Советот од 15 ноември 2006 година за создавање акциона програма од областа на доживотното учење.

Предложениот закон произлегува од барањата на европските регулативи за основање на Национална агенција која е самостојно тело, самостојна во своето работење и која ќе го координира користењето на средствата од програмите, ќе ги распределува средствата докрајните корисници и ќе врши ревизија на искористувањето на истите.

Од тие причини основањето на тело самостојно во својата работа кое не е регулирано со Законот за оганизација и работа на органите на државната управа и Законот за Владата на Република Македонија е предуслов за да може Република Македонија да ги користи фондовите од програмите "Млади во акција" и "Доживотно учење" на Европската Комисија.

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност ќе ги координира програмите "Млади во акција" и "Доживотно учење" со потпрограмите Компениус, Еразмус, Леонардо да Винчи, Грунтвинг, Жан Моне и Трансверзалната потпрограма.

Овие програми се насочени за повеќе корисници и тоа

Потпрограмата Комениус одговара на потребите за предавање и учење на сите оние од предшколско, основното и средното образование и на установите кои го спроведуваат таквото образование, како и институциите поврзани со ова образование.

Потпрограмата Еразмус одговара на потребите за предавање и учење на сите оние во високото образование и стручното образование и обука на терцијално ниво, без оглед на должина на нивното траење или квалификација и ги опфаќа докторските студии и на установите кои го спроведуваат таквото образование и обука.

Потпрограмата Леонардо да Винчи одговара на потребите за предавање и учење на сите оние во стручното образование и обука на некое друго ниво кое не го опфаќа терцијалното, како и на институциите и установите кои го спроведуваат таквото образование и обука.

Потпрограмата Грунтвинг одговара на потребите за предавање и учење на сите оние кои се дел од образованието за возрасни, како и на институции и установи кои го спроведуваат таквото образование и опфаќа:

- развивање на применити политики и иновации во доживотното учење;

- промоција на учењето јазици;

- развивање иновативна содржина заснована на информатичка и комуникациска технологија, услуги, педагогии и практика за доживотно учење;

- распределба и примена на резултатите од активностите поддржани според програмата и размената на добра практика.

Потпрограмата Жан Моне опфаќа распределување грантови за поддршка на одредени институции и установи кои решаваат

прашања поврзани со европската интеграција и распределување грантови за поддршка на други европски институции и асоцијации од областа на образованието и обуката.

Трансверзалната потпрограма опфаќа индивидуална мобилност, студиски посети на експерти, мултилатерални проекти, тематски мрежи за работа на прашања поврзани со содржината на доживотното учење.

Со програмата “Млади во акција” 2007-2013 година се обезбедуваат:

-промовирање на активно граѓанство на младите луѓе воопшто и особено нивното учество во европското граѓанско учество;

- развивање на солидарноста и промовирање на толеранцијата кај младите луѓе, особено поради зајакнување на социјалната кохезија;

- подобрување на заемното разбирање меѓу бладите луѓе од различни земји;

- придонесување кон развојот на квалитетот на системите за поддршка на младинските активности и способностите на организациите од граѓанското општество кај младината;

- промовирање на европска соработка меѓу младината.

Програмата “Млади во акција” ги надополнува целите што се остваруваат во другите области на активности на заедницата, особено во областа на доживотното учење, вклучувајќи го стручното образование и неформалното образование, како и други области, како што се културата, спортот и вработувањето.

Програмата “Млади во акција” придонесува и кон развојот на политиките на Европската унија особено во областа на културата, мултикултурната и лингвистичката разновидност во Европа, унапредувањето на социјалната кохезија и борбата против сите видови дискриминација што се засноваат врз полова или расна припадност, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичко и верско уверување, инвалидитетот, возраста или сексуалната ориентација, имотната и општествената положба, како и во поглед на одржливиот развој.

Рокот за донесување на овој закон беше 1 јуни 2006 година, но истиот е пробиен со барање на Европската Комисија и Генералниот директорат за образование и култура да се направи специјален состанок во Брисел со цел да се усогласи законот, што е направено и сега имаме целосна усогласеност.

Усвојувањето на законот е во согласност со тековната динамика на познавање на Националната агенција препорачана од Брисел, а во насока на овозможување на Националната агенција да ја претстави работната програма до крајот на 2007 година.

Оваа работна програма вклучува основање на агенцијата, нејзино опремување, воспоставување на работно функционирање, завршување на неопходните обуки за вработените, подготовка на софтвер за работа, како и завршување на работните студии во другите национални агенции низ Европа.

Националната агенција ќе има свој управен одбор составен од пет лица кои Ќе бидат назначени од Владата на Република Македонија по претходна номинација од страна на Минситерството за обрзование и наука, од тука еден член, Министерството за финансии 1 член, Македонски младински пресс 1 член и Советот на младински невладини организации 2 члена.

Со вклучување на граѓанскиот сектор сакаме да осигураме самостојност на Националната агенција.

Предлозите на организации од граѓанскиот сектор беа направени после координација со голем број на младински организации. Овој начин на управување на Националната агенција е често употребуван во другите национални агенции низ Европа.

Управниот одбор на агенцијата ќе биде задолжен да го донесува статутот на Националната агенција, да го избира и разрешува директорот, да ја донесува годишната програма за работа на Националната агенција, да ја донесува завршната сметка, да го донесува годишниот извештај за работење на Националната агенција, да го донесе годишниот финансиски извештај на Националната агенција, да дава согласност на актите на организацијата и работата и систематизацијата на работните места на Националната агенција, да одлучува по приговорите во врска со работниот однос на вработените во Националната агенција, да го донесе деловникот за својата работа и врши други работи утврдени со статутот.

Директорот на Националната агенција раководи со работата на Националната агенција, ја претставува и застапува Националната агенција и ја предлага годишната програма за работа на Националната агенција, одговара за материјално финансиското работење и законитост, за работите од неговата надлежност, врши други работи утврдени со закон и статут.

Директорот, член на управен одбор, сега ова е многу важно, вработен во Нациналната агенција не може да биде корисник на програмите. Член на соодветно тело и надворешен соработник не може да биде корисник за програмата за која е избран.

Предвидено е Националната агенција во 2007 година да има пет врботени лица. Оваа бројка ќе биде зголемена за уште пет во 2008 година, три лица во 2009 година и две лица во 2010 година.

Оваа бројка ќе биде зголемена за уште пет во 2008 година, три лица 2009 година и две лица во 2010 година.

Со основањето на Националната агенција и успешното завршување на работната програма во

2007 година, Република Македонија ќе може од 01.01.2008 година да започне со работа од пилот проектите од програмите “Млади во акција и Доживотно учење”, и тоа како прва земја од југоисточна Европа.

Ова би преставувало и дополнителен сигнал за Европската унија дека Република Македонија брзо, ефикасно работи кон отворање на сите европски програми и кон исполнувањето на критериумите за влез во Европската унија.

Очекувам поддршка за овој закон и благодарам на вниманието.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван заменик.

Има збор пратеникот, господинот Александар Николоски, повелете.

**Александар Николоски:** Она што сакав да го кажам е апсолутна поддршка на законот од две причини.

Едната е она што значи донесување на законот за европската регулатива и другата е “Јуре стандарди”.

Значи пред нас имаме закон за основање на Национална агенција за европски развојни програми и мобилност, кое што значи не само усогласување со она што го бара Европската унија од нас во процесот на приближување кон Европската унија, се надевам наше побрзо зачленување, туку значи и закон кој што ќе овозможи на многу лица од Република Македонија, особено на млади, на оние кои што сакаат да се образуваат да се образуваат на подобар начин, да имаат подобар пристап на европските образовни фондови и уште повеќе да можат да разменуваат искуство со своите врсници од Европа, а оние кои што се посветени на долгорочно учење тоа да го прават со своите колеги од Европа.

Основањето на оваа Национална агенција практично ќе значи заживување на програмата “Млади во акција во Република Македонија”, програма која што на многу млади луѓе во Европа им помогна да ги стекнат своите први искуства во работењето со граѓански организации, да ги стекнат своите први искуства во комуникацијата со другите земји од Европа, да ги стекнат своите први искуства во размената на знаење. Тука е и првичниот мотив, јас сум еден од корисниците на оваа програма, многу често кога тоа го правеа Словенците или кога тоа го правеа Словаците посетував нивни семинари на кои што беа имплементирани проекти кои што беа поддржувани од “Младите во акција”.

Сметам дека е исклучиво важно што Македонија ја добива оваа агенција, требаше да ја имаме и порано, но еве денеска се надевам дека ќе го изгласаме законот и дека во наредниот период ќе создадеме услови за формирање на таа агенција и таа агенција практично да заживее.

Она што е многу значајно е во наредниот период да се случат две работи.

Прво, на оваа седница да имаме што поголема поддршка за Националната агенција, заради тоа што ова е Национална агенција, јас ќе кажам од историско значење, особено за младите во државата и,

Втората работа во наредниот период треба да ја помогнеме во заживувањето на оваа агенција, заради тоа што оваа агенција зависи многу каде во наредниот период ќе се следи и образованието и неформалните едукации и надоградувањето во образованието во наредниот период.

Не би сакал да ги повторувам работите што ги кажа заменикот на министерот, значи ги споменав програмите кои што ќе бидат опфатени. Тоа се програми кои што на стотици илјади млади луѓе во Европа им дозволија да бидат мобилни, да стекнуваат образование надвор од своето место на живеење, да стекнуваат образование во други држави, некогаш и да се движат низ различни држави на Европската унија и на тој начин да го комплетираат своето образование. На тој начин правејќи млади луѓе кои што немаат образование во формалната смисла на зборот, која што ја имаа досега, а уште повеќе пробивајќи ја онаа досегашна пракса дека образованието завршува со завршувањето на високото образование, напротив укажуваат дека образованието продолжува во текот на целиот живот и уште повеќе дека веќе во Европа не може да се говори за фиксни професии, не може да се говори дека ако некој завршил за правник и дека цел живот ќе работи како правник, ако некој завршил за лекар, цел живот ќе работи како лекар. Има можност за доквалификации. Мобилноста на работната сила е се поголема и поголема и дека нациите врз кои тоа треба да се случува е преку прилагодување на образовните програми на овој начин.

Со ова ќе помогнеме и на надминување на свеста во Република Македонија, ќе помогнеме и во менување на начинот на размислување и во што поголемата мобилност и на образованието и на работните места.

Јас тука ќе завршам, ќе продискутирам малку и за амандманите, ќе кажам дека апсолутно го поддржувам законот, среќен сум што имаме ваков закон, среќен сум што ќе имаме Национална агенција за европски образовни програми - мобилност добро е што конечно програмите за доживотно учење и млади во акција ќе се имплементира во Македонија и се надевам дека ова ќе биде еден од секторите во кои што најмногу и најбрзо ќе се приближиме кон Европската унија.

Уште повеќе би сакал од ова место да ги охрабрам и да ги поздравам оние невладини организации, особено невладини организации кои досега работеа на овие програми под ставката на трети земји користејќи програма, особено “Младите во акција”, програми на Европската

унија и веќе ги имаат искуствата. Се надевам дека ќе биде еден значаен дел во градењето на оваа институција и не би сакал да ги повикувам активно да се вклучат во градењето на оваа институција со своите искуства, луѓето кои што ги поминале обуките, со луѓето кои што биле во различните национални агенции и кои што веќе виделе како таму се работи.

Би сакал особено да се заблагодарам на Словенската национална агенција која што учествуваше и во изработката на законот и се надевам ќе учествува во обуката и во првичното формирање на оваа Национална агенција. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Мирјана Секуловска, повелете.

**Мирјана Секуловска:** Ви благодарам почитуван потпретседателе на Собранието на Република Македонија, почитуван заменик министер за образование и наука, почитувани колеги пратеници,

Јас ќе се надоврзам на излагањето на претходниот колега Александар Николовски и ќе кажам дека навистина од историско значење е денешниов закон со кој што практично за прв пат се формира Национална агенција за европски образовни програми и мобилност.

Од големо значење е формирањето на оваа Национална агенција, бидејќи истата добива статус на правно лице, својство на правно лице, има органи на управување и органи на раководење кои што ќе се грижат за успешно реализирање на програмите "Доживотно учење" и програмите "Програмите и младите во акција", кои што имаат свои подпрограми во свој состав.

Понатаму, би сакала да кажам дека посебно е интересен членот 9 од Законот за формирање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, каде што се наведени корисниците на програмите. Доста широка лепеза имаме на корисници на програмите со кои што ќе менаџира оваа Национална агенција за европски образовни програми и мобилност и заради запознавање на пошироката македонска јавност ќе ги спомнам само неколкумина корисници на тие програми, а тие се ученици, студенти, наставници, професори, учесници на пазарот на труд, претпријатија и други правни лица вклучувајќи ги и трговските друштва, стопанските комори и други здруженија на правни лица од областа на индустријата, истражувачки центри и тела кои решаваат прашања поврзани со доживотното учење, понатаму здруженија на граѓани и фондации. Ова е многу значаен момент и е од посебно значење бидејќи на овој начин ќе може да се вклучат поширок број на учесници кои што практично преставуваат корисници, потенцијални корисници на средствата кои што ќе се одобруваат од програмите што ги спомна заменикот министер нема да ги повторувам бидејќи образложението за формирањето на оваа Национална агенција што ни го презентира почитуваниот заменик министер беше многу сеопфатно и опширно и нема да ги повторувам затоа што сметам дека доволно добро не запозна со причините поради кои што се формира оваа Национална агенција и позитивните страни од формирањето на истата. Затоа ќе бидам кратка во излагањето. Би сакала уште на самиот крај да кажам дека сметам со Национална агенција всушност ќе се овозможи поправилно и посоодветно распределување на средствата од програмите како и поефикасно и поуспешно користење и реализирање на одобрените средства од соодветните програми "Доживотно учење" и "Младите во акција", и согласно на сревствата во состав на овие програми што се наречени како под програми на претходните програми.

Според тоа сосема на крај би кажала дека со конституирањето на оваа Национална агенција за европски образовни програми и мобилност всушност се обезбедува воопшто генерално кажано повисок квалитет во севкупната едукација во Република Македонија на сите нивоа на едукација односно на сите нивоа на нашиот образовен систем. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитувана колешке.

Има збор пратеник, госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе,

Јас го делам мислењето на колегите пратеници дека станува збор за исклучително важен закон кој што ќе овозможи и ќе создаде правна рамка за користење на средства од европските образовни програми како и за основање на посебно национално тело кое што сигурно ќе овозможи подобра пристапност и подобро користење на европските фондови.

Меѓутоа, она што мене ме разочарува е што за жал оваа точка на дневен ред беше ставена на седницата започната на 16-ти јули оваа година,а се доведуваме во ситуација како Собранието да разговараме за ваков важен закон дури денеска. И многу ми е жал што претседателот на Собранието во овој момент не е тука, меѓутоа познавајќи како функционира Собранието во овој период дека Груевски е практично тој што диктира каков ќе биде нивниот ред на седниците и кога ќе се закажуваат седници. Претпоставувам дека треба да му се обратам нему, дека треба да има во предвид за вакви важни закони да не форсира закони кои што не се од итна важност туку да се фокусира на европската агенда заради тоа што овие закони не само што се дел од европската агенда туку се неопходно потребни за студентите и младите луѓе во Република Македонија заради тоа што имајќи го во предвид визниот режим на Република Македонија со останатите држави, ова

се едни од програмите кои што овозможуваат младите луѓе да можат да многу поедноставен начин да црпат искуства од другите држави.

Значи сакам да апелирам во иднина да се води сметка при подготвувањето на седниците и при продолжувањето на седниците да се дадат приоритет на вакви закони, а не на бесмислени прашања како што се државни празници итн, да не ги набројувам сега заради тоа што е дефакто губење на време.

Она што исто така ме разочара кога го добив овој текст на законот е тоа што во суштина претставува само буквoлно лош превод од странски јазик и мислам дека Владата во иднина не би смеела да си го дозволи заради тоа што треба да покаже во секој случај дека го почитува Собранието на Република Македонија како институција и да не дозволи вакви текстови и покрај нивната важност и покрај тоа што сме свесни за нивната важност и покрај тоа што во име на важноста на ваквите закони ќе дадеме поддршка да не не доведува во ситуација да се чувствуваме непријатно заради тоа што тука има користено терминологија на буквален превод кој што создава и конфузија и забуна дури и траги комични формулации за кои што се надевам дека после изјаснувањето на овој закон ќе бидат исправени лекторски. Такви се на пример во членот 4 дека Национална агенција ќе придонесува кон зголемено учество во доживотното учење на луѓе од различни возрасти вклучувајќи ги и оние со посебни потреби и обесправените групи без оглед на нивната и внимавајте сега - социјално економоска заднина. Или најдобрата, употребата на резултати и да не продолжувам натаму затоа што навистина има трагикомични формулации а една сериозна влада не смее да си дозволи ваков текст да прати до Собранието на Република Македонија. Не сакам да навлегувам и да се повторувам со она што го кажа и заменик министерот и колегите пратеници, неспорна е важноста на овој закон, меѓутоа апелирам прво, кога Груевски го подготвува дневниот ред за седниците на Собранието на Република Македонија да води сметка дека со новите седници и со непродолжувањето на старите седници оневозможува Собранието да дебатира за вакви важни закони и на тој начин ја кочи европската агенда и

Второ, Груевски да внимава вакви текстови да не праќа до собранието на република македонија заради тоа што го навредува како институција. Ние поднесовме амандмани, суштинските забелешки на овој закон, се надевам дека ќе има разбирање за подобрување на некои од решенијата кои што се дадени во законот во име на донесување на подобро законско решение. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитувана колешке.

Сеја јас ќе земам кратко збор.

Почитуван заменик министер, колеги пратеници,

Нормално е нема ни јас како и останатите колеги пред мене да должам многу, сакам накратко да го соопштам ставот на нашата пратеничка група на Новата социјал демократска партија бидејќи секогаш стоиме на страната на законите кои го носат европскиот симбол или знаме, така и е случајот со овој закон кој е денеска на дневен ред пред нас пратениците. Јас само можам во контекст на ова да продолжам со сите претходни дискутанти кои укажаа на важноста и на значењето на овој закон, бидејќи денеска со овој закон треба всушност да се оснива Национална агенција за европски образовни програми и мобили.

Апсолутно ова и е потребно на Република Македонија, не само од аспект на нашите усогласувања на нашето законодавство со европското законодавство. Јас затоа сакам во контекст на тоа и добронамерно, бидејќи ова е последно читање на овој закон, пленумот, немав прилика да учествувам на Комисијата за образование и наука бидејќи не сум член и би сакал овде да го кажам своето размислување.

Моите информации говорат дека досега отприлика Агенцијата за млади и спорт, која според мене можеби година наназад е дискутабилна, управува со одредени програми за младите. Ако добро се сеќавам дел од повиците кои стигаа на мојата адреса упатува на Ју програмата. Не можам, или не би можел да имам пристап на тоа како се користи таа програма и на кој начин посебно одредени здруженија кои се занимаваат со младата популација аплицираат и ги користат тие средства.

Аналогно на тоа господин заменик претпоставувам дека оваа агенција на некој начин има обврска и тоа да го замени. Не е само обид да основаме една Национална агенција и да кажеме дека тоа сме го направиле, претпоставувам дека таа Национална агенција која што од година на година ќе ги зголемува своите вработени бидејќи во 2007 пет, па 2008 пет и 2009 три, тоа значи од година на година ќе се зголемува бројот на вработени кои претпоставувам дека на крајот на краиштата ќе може да даваат, соодветна професионалнална информација.

Зошто ова го говорам.

Знаеме дека претходниот парламентарен состав полека, полека нашето образование го дисперзиравме на моќта, условно кажано од централно го предаваме на локално ниво и во најголем дел, образованието лека полека преминува во локалната самоуправа.

Претпоставувам дека вие нешто кажувате во законот, во членот 9 се кажува кои би можеле да бидат корисници на овие програми кои вие децидно ги наведувате кои се програми и кои се двете програми и останатите, не знам колку на број се потпрограми.

Претпоставувам дека оваа Нациоанлна, бидејки се работи за Национална агенција, на некој начин ќе има соработка со локалната самоуправа, или ако сакате со службите во локалната самоуправа кои генерално имаат обврска во делот на образованието. Можеби колегата Герамитчиоски има повеќе информации, тоа е мое видување и мое укажување, на она како јас гледамна ова. Како јас гледам на ова. Јас говорам, поставувам како прашање, како дилема до заменикот министер, тој е тука за да одговори пред пратеници, бидејки овде децидно се кажува и тоа го реков во членот 9 кој вушност може да биде корисник. И затоа мене ме интересираше. Тука е заменикот ќе одговри, има обврска, нема има дилема во тој правец или нема. Јас затоа сакам да поставам, немав прилика за разлика од вас да го гледам овој закон на матичното тело, бидејки не сум член на таа Комисија.

Јас затоа, бидејки моите проценки во Република Македонија говорат дека навистина многу ретко, многу ретко успеваме да ги користиме овие фондови. И затоа е мојата дилема, значи концептот на ова што го оснивата. Јас гледам дека колешката Славица Грковска има одредени амандмани поднесено, не знам дали заедно со колегата Тале Герамитчиоски, ги немам сите разгледано. Сакам да ги погледнам, меѓутоа во принцип се однесуваат на структурата, управниот одбор, ингеренциите на управниот одбор, директорот и сето тоа. Можеби тое е коректно. За дел од нив јас во наредниот период ќе одлучам кои би биле корсни да се прифатат, зависно од тоа какво вие ќе имате видување како Министерство, по овие амандмани. Затоа, говорам, моите дилеми се во тој правец, или сознанија дека во Република Македонија навистина многу слабо се користат програмите кои ни ги нуди некој. Вие овде во законот кажувате дека се потребни финансиски средства, дел ќе се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, а дел,овде децидно кажувате, ќе се обезбедуваат од европските фондови и претпоставувам тие се за таа намена.

Јас не би сакал да должам, бидејки гледам на дисплејот има уште приајвени коелги, би сакал,не мора сега, на крајот да одговорите на некои од овие дилеми кои ги поставив.

Уште еднаш ќе повторам дека нашата пратеничка група апсолутно дава поддршка на ова законско решение.

Три минути за реплика се јавува заменик министерот за образование.

**Јован Лазарев:** Оваа Агенција се формира со цел да помогне во аплицирањето во проектите на Европската унија, па и во распределбата.

Тоа е национална, а не локална агенција.

Јас сега во моето образложение наведов кој се има можност да аплицира и од причина што прв пат се носи овој закон, прв пат се формира оваа агенција, затоа имав малку подолго излагање со цел да се запознаат и пратениците, но и јавноста во Република Македонија за да може утре да конкурираат за овие програми.

Она што е во Агенција за млади испорт, тоа си е програма на Владата на Република Македонија. Средствата ги одобрува Парламентот, влегуваат во Буџетот и тоа си продолжува и натаму да си функционира.

За оваа агенција, средства кои треба да се издвојат од Буџетот е за платите на вработентие, како што видовте е многу ограничен број , а кој постепено ќе се зголемува во наредните три години.

И околу претходната дискусија, да кажам, ако има еден до два јазичен пропус, не треба да се генерализира. Не може на тоа да не му се дава еднаква тежина со важноста изначењето на донесувањето на овој закон и формирањето на оваа агенција, каоко што веќе истакнаа сите рпатеници, без исклучок сите дадоа поддршки на комисиите и овде, а ние во понатамошната дискусија ќе имаме и амандмани каде ќе прифатиме и некој амандман токму во оваа насока за што зборуваше пратеничката Славица Грковска.

**Иван Анастасовски:** Благодарам на објаснувањето.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги.

Уште на самиот почеток, да нема некоја двојба во мислењето, СДСМ ја прифаќа оваа идеа за основање на агенција за европски образовни програми и мобилност. Всушност тоа е идеа која ќе овозможи чекор напред во остварување на сите оние права и обврски кои младата популација односно студентите, како бенефит, ги имаат при користење на оние можности што Европската унија преку своите фондови ги нуди.

Сега јас би се осфрнал на самио ттекст за што и почитуваниот колега знае дека на самата седница на Комисијата гиотворивме како дилеми. Во некои облици на амандмани даваме некои предлози за подобрување на текстот. Јас би сакал тоа да се свати дека амандманите што ги дадовме се во интерес на подобрување на текстот, а никако поинаку. Мислам дека така и ќе бидат третирани, ќе ги соочиме аргументите и се надевам дека ќе бидат можеби и прифатени.

Што е она што кај мене внесува одредена забуна кога ќе го читам текстот.

Самиот закон го носите за период од 2007 до 2013 година, бидејки основни два столба на кои се потпира овој закон во кој се отвораат можностите е Програмата за доживотно учење која е предвидена во Европската унија од 2007 до 2013

година и Програмата малди во акција, исто така 2007-2013 година.

Се наметнува логично прашање дали со завршување на овие циклуси на програми што Европската унија ги има зацртано најчесто, секогаш во седумгодишен период, се исцрпува овој закон и потребата од постоењето на оваа агенција, или тоа е само една подлога, една форма која послужила за создавање на овој законски текст. Разбирливо е дека треба да бидат потенцирани главните столбови, зошто всушност се нуди овој закон, но мислам дека е грешка во закон да се потпирате на две програми во кои временскиот интервал е ограничен.

Понатаму, она што го забележав и на комисиската расправа, овој закон се однесува на младите односно најчесто на студентите, или мобилност преку овие програми што се нудат во овие два клучни проекти.

Впечаток е дека Универзитетот воопшто не е застапен во самиот закон во ниту една форма, иако сега ќе дојдеме до ситуација да расправаме за законот за високо образование во кој на сите ви е јасно дека студентите, после Прашкото коминике на министрите при ревизија на проектите од Болоњската декалрација, се укажа на потребата за посилно учество на студентите во управувачките процеси на Универзитетот. Значи ако Универизитетот не учествува во управувачките органи на агенцијата, или уште повеќе во управниот одбор, уште помалку е застапен и студентот преку постојното организирање во рамките на универзитетите. Се надевам дека сега малку прејудицираме, бидејки за Законот за високо образование ќе зборуваме, имаме различни концепти. Некои од мнозинството преферираат да се донесе закон за млади, значи за студентсно организирање. Ние во Законот за високо образование ќе инсистираме, согласно со сугестиите и предлозите на поголемиот дел на студентите на универзитетите, да се внесе во одредени форми на управувачките структури на универзитетите, но овде во овој текст зборуваме за новата национална агенција за европски образовни програми и мобилност. Ќе инсистираме влез на студентите во управувачкиот дел на агенцијата, и тоа имаме обезбедено преку содоветен амандман. Не сакам сега да зборувам, ќе зборувам кога ќе дојде амандманот на ред. Но, размислете, за младите станува збор, за студентите станува збор, дајте им права и обврски да учествуваат, да осетат дека се важен чинител во креирањето на политиката на мобилност. Но, за тоа реков дека подоцна ќе зборувам. И мојата главна забелешка, која што за жал, индирекно се однесува на законот, мислам дека во овој момент ценејки ги реалните состојби на Универзитетот, Република Македонија, во исклучително тешка ситуација во остварување на мобилноста, или размената студентска во рамките на постојните европски програми, заради почетокот на имплементацијата на Болоњската декларација во делот на усогласување на студиските програми на универзитетите. Во глобала значи со европските студиски програми, или воспоставување и имплементација на кредит трансфер систем. Да бидам поедноставен во образложението.

Со жалење можам да констатирам дека на сит еоние конференции на кои сум учествувал е потенцирано дека се учествувало со многу мал број на студенти, 30 до 35 студенти во годината, кои го оствариле правото или понудата да бидат дел на размената со некои европски студиски програми,најчесто можеби од техничката струка, но во делот на општествените студиски програми, во делот на правото, економијата, се наидува на големи потешкотии зарадинеусогласеноста со студиските програми или признавање на кредити што всушност не е во целост, значина зачеток сме на имплементација. Јас не обвинувам никој тука, едноставно таков е моментот сега. Потешкотијата во имплементацијата на овој дел беше присутна до сега. Се надевам дека со воспоставување на оваа агенција за европски образовани програми, ќе се олесни тој дел, посакувам се најдобро. Мислам дека е добра идеа, ќе ја пдоржиме таа идеа. Амандманите кои ги имаме дадено се во интерес на подобрување на законот, но и имплементацијата на неговиот закон односно главниот дел е учествотона студентите во управување со оваа агенција.

Ако во Агенцијата за спорт и млади најчесто учествуваат помлади структури во управување со тие процеси, тогаш за очекување е и во оваа агенција студентите да си го најдат своето место. Водевме сметка при предлогот на амандманот сепак да нема мнозинство, минситерствата надлежни за овој дел да имаат мнозински дел во управниот одбор, но сепак сметам дека учеството на студентите е многу значајно во овој дел. Благодарма.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика за министерот за образование.

**Јован Лазаров:** Најпрвин благодарам за генералната подршка и мислам дека ќе усвоиме добар закон. Само мали разјаснувања да дадам.

Во Универзитетот никој не е исклучен од овој закон. Меѓутоа, еве, во член 9 стои кои се корисници на програмите, ученици, студенти, учесници во обуки, учесници во образование за возрасни, наставници, професори, обучувачи и друг персонал кој е вклучен во кој било дел во образовниот процес, учесници на пазарот на трудот, институции или установи, лица, органи и т.н., сите се наброени. Управувачко тело е мало тело составено од 5 лица и не е вклучено ни основното опбразование ни средното образовани ни Универзитетот, не се вклучени сите кои се идни потенцијални корисници на овие програми. Значи тоа е условот од Брисел, условот од Европската унија. Оние што ќе бидат потенцијални и идни корисници да не можат да учествуваат во процесот на обучување. Значи до

колку има некои, јас прочитав во моето излагање, значи членовите на Управниот одбор па и асоцијациите не можат да бидат корисници на програми. Од тие причини направено е мало тело кое ќе биде избрано онака како што е предложено во законот.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеник Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Од мој аспект образложението не држи. Да не ја потценуваме моќта на студентите или начинот на нивно досегашно учество или покажан степен на зрелост во делот на имплементација на некои други паралелни проекти, АЈСЕК илинешто слично, во кои студентите си имаат сопствен модел и форма во кој сос оодветни модалитети, методологија и критериуми, сепак одлучувале кој да добие можност да ги користи бенефициите на одреден проект. Така што, тие се во најголем дел учесници, но не значи дека учесниците не можат да учествуваат во креирање на политиката на Агенцијата за имплементација на законските решенија.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продлжуваме со расправа.

Има збор господин Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Почитувани пратеници, почитуван потпретседател, почитуван заманик министер,

Мислам дека, сме пред еден закон кој е од голема потреба на актуелните текови на образовните развои и другите форми на образование во Македонија. Секако дека потребата за овој закон произлезе од поодамна. Јас сакам да ве потсетам вас пратеници и јавноста, да ве потсетам уште еднаш дека ние како држава кандидат и како нечленка на Европската унија, сите знаеме дека имаме можност да се вклучиме во неколку проекти, и програми на Европската унија кои програми можат да ги уживаат и тие корисници кои не се членки на Европската унија. Една од овие интересни групи кои можат да придобијат од овој контекст се студентите, професорите, научиниците, кои фактички уште од првата фаза, без да станеме членка се поврзани и со визниот проблем, за да ни се отворат подобри комуникации. Но, секако тоа е поврзано и со тоа да им се овозможи да ги користат овие програми за образование и земјите кандидатки. Вие знаете дека тоа се отвори уште на Самиотот во Солун кога Агендата на Западен Балкан, на еден начин уште тогаш ги предвидуваше овие елементи и сега веќе се круниса со нашата кандидатура и сега навистина треба да создадеме простор и можност на што поквалитетен начин да се искористат овие можности. Овој закон е токму тој кој ќе уреди еден од овие елементи, едната димензија на оваа наша потреба за напредок и приближување кон Европската унија. Би апелирал до заменик министерот што е можно побрзо да ја усвоите и другата законска рамка и во однос на наукаата, бидејки вие знаете дека во Министерството за образование образованието го води еден комесар за наука, во Европската унија, а друг комесар е Јанез Поточник од Словенија.

Да ви кажам како човек кој треба да го каже тоа гледам дека попатно сте направиле едно настојување да се отвори патот кон оваа програма, но жалам дека треба да го кажам тоа дека ништо не е направено во насока на идентификацијата и нашата динамика кон Европската унија од аспект на науката.

Во минатиот мандат, без скромност, сакам да кажам дека неколку добри работи се направија во оваа насока и влеговме во неколку европски научни структури, добивме неколку кредити и акти и станавме претплатници на РТР што е банка на научните податоци и многу други активности кои не сакам да ги спомнам. Навистина не е прифатливо оваа работа речиси остана на мртва точка и немаме никаков напредок во оваа насока. Можноста да се каже дека нешто такво е неопходно затоа што високото образование не оди без науката. Науката со високото образование е многу тешко да се оделат една од друга. Но, и покрај тоа овој закон кој е еден модел кој сигурно вие сте го обработиле од моделите кои Европската унија ги препорачува за земјите кандидати, како што сме ние, се кажа дека влијаеше, помогна во оваа насока и експерт од Словенија, тие имаат добро искуство и добри експерти. Добро сте направиле што сте го направиле тоа и јазичните забелешки сигурно дека очекувам да се остранат во текот на обработката, понатамошната обработка на законот и сакам во овој контекст да додадам неколку реченици.

Имајќи го во предвид фактот дека и до сега имаше поместувања и активности во таа насока и тие се направени, како што се кажа од господинот пратеник дека бил дел кој придобил од овие работи, воглавном до сега се одвива во рамките на меѓууниверзитетските размени. Универзитетите имаат можности меѓу себе да даваат или земаат. Ние пред две години склучивме договор со една Програма или Фонд подобро да кажам со центарот во Виена наречен ЦЕПУС кој искористи средства од Австрија и Европската унија со цел да го зајакне и зголеми бројот на часови за размена во овој контекст и на еден начин Македонија има веќе едно искуство во оваа насока и ние со ова искуство ги забележавме недостатоците и предностите на овие проекти. Кој е недостатокот? Недостатоците се тие дека ние навистина се докажа дека имаме мал број на мобилност во оваа насока и второ многу е значајно имаме низок капацитет во управувањето и зајакнувњето на овие активности за да бидат поефикасни и имаме универзитети неподготвени добро за мобилност.

Затоа господа пратеници очекувам со овој закон, не само да се донесе поради потребата да се

доближиме кон Европската унија итн, туку навистина да погледнеме што била во досегашната таква мала практика, како што реков која беше во склоп на универзитетски размени и ЦЕПУС и некои други од меѓународен тип размени да зајакне, да се прошири и да се продлабочи. Досега се покажа од тоа мало искуство што го имаме дека стварно, како што реков, имаме низок степен на имплементација, на размена, поради фактот шти апсорпциониот капацитетот, ни е многу мал.

Сега овој закон ќе треба пред се да зајакнат централните капацитети, менаџерските капацитети за мобилност во правец на програмите во централно и преку Агенцијата, но врската што до Универзитетот или до студентите не мислам дека е поради тоа што треба таму да има повеќе или кој ќе биде побитен или кој ќе одлучува. Туку само поради врската да се има еден гвинт со кој полесно и директно ќе бидат преку свој претставник на некој начин информирани овие тела од кои зависи успехот на мобилноста.

Затоа сега со амандмани мислам дека сме предложиле нешто, не се сеќавам одамна беше, но мислам во тој правец треба да се прошири со пет член ефективно, мало, добро од некоја страна, но од друга страна можеби недоволно за да Агенцијата биде не само потранспарентна, туку да овозможи линкови, сегменти за подиректно поврзување со тие што се најзаинтересирани и најбитни во овој аспект. Затоа што, како што реков, и централните капацитети се мали, ние од ЦЕПУС го зголемивме од 100 на 150 часа, не знам сега колку е нашиот удел во тие програми и тоа не се користи доволно поради некои оргазициони причини овде внатре, но мислам дека зајакнувањето на капацитетите на мобилност мора и ќе треба да биде приоритет на оваа Агенција преку своите упатства, преку своите програми, преку својата, да кажеме, јавна промоција да ги прави сите свесни за овие можности кои што ќе треба да ги користат. Затоа што да не дојдеме во состојба нашата партиципација која што ќе биде потребна во програмите, да биде поголема од тоа што ние ќе ја исползуваме. Значи, такви состојби имаме, а тоа се случува само поради нискиот капацитет кој што ние умееме да ги менаџираме овие работи.

Затоа, мислам дека од некои аспекти ќе треба да се подобри законот со некои амандмани кои што ќе ги расправаме во текот на седницата. Инаку, како што реков, програмата се зголемува, таа се проширува со потребите што Европа сака да прави еден таканаречен Еразмус-генерација која ќе биде навистина носител на идеи, со менталитет на европеизација на целата Европа, но имате сега и програма Жан Моне за некои аспекти кои и се потребни за меѓусебно разбирање, итн, интеграциони политики кои што исто така се битни, но и другите што се однесуваат на доживотно учење итн.

Затоа, за да не должам, би го подржале овој проект како потребен во оваа фаза, но бараме тој да биде навистина имплементиран на начин кој ќе се покаже во практика дека е успешен, а тоа мора да биде поефективен таму каде што треба.

Причина за ова, тука и колегата Герамитчиоски кажа дека и фактот за сеуште несоодветното прилагодување на студиските програми на универзитетите да бидат поподготвени за оваа работа. Тоа е предмет на закон за високо образование ќе го разгледаме тогаш, не сакам сега да отвориме распава, но успешна мобилност, има тука некои претпоставки кои се поврзани со многу истанци. Но, многу е тешко да се очекува тоа со тоа ќе заокружам, да се очекува мобилност на ниво на Европа и да ни ги прифаќаат нам нашите студенти таму, кога универзитетите наши или факултетите во склоп на истиот универзитет тешко прифаќаат или реализираат мобилност.

Значи, мора универзитетите наши, факултетите во нив да бидат поспремни за да можат прво, да се докажат дека се спремни за мобилност внатре во себе па после да имаме аргументи и за користење на овие програми.

Очекувам изјаснување на Владата и на парламентарниот состав за амандманите и после ќе се изјасниме и за целиот закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност.

Пред да преминеме на гласање ги замолувам колегите пратеници да влезат во салата бидејќи ќе гласаме.

Би ги замолил службите да го утврдат точниот број на пратеници кои се присутни во салата, колегите да седнат на своите места.

Колеги ако може да седнете на вашите места за да можеме да го утврдиме точниот број.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата ќе пристапиме кон гласање.

Би ги замолил службите да го утврдат точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

(Нема доволен број)

Би ги замолил службите да го утврдат точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласањето во салата се присутни 61 пратеник, вкупно гласале 58, сите 58 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, од кои 59 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Азис Положани поднесе амандман на член 12 став 3, член 16 за додавање нов став 6 по ставот 5 и на член 17 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски, Благородна Цветковска поднесоа амандмани на член 2 став 1, член 3 за менување на точка 1, член 4 алинеа 1, 2, 4, 6, 9 и 11, член 9 алинеја 5, член 9 за бришење на алинејата 8, член 12 за менување на став 3, член 13, член 16 став 4 и на член 16 став 5 за бришење на алинаја 4 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министер за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

Со амандманот се предлага да се променат и имињата на програмите, а тоа не е возможно, бидејќи тие имиња на законот и на програмите се дефинирани според имињата во официјалните документи на Европската комисија. Од тие причини не го прифаќаме амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Јас и при текстот на законот потенцирав една нејаснотија која што заменикот на министерот сега постојано ја потенцира и тоа потврдува дека законот е направен исклучително заради две програми, програмата за “Млади во акција” 2007-2013 година и програма за “Доживотно учење” 2007-2013 година.

Дали тоа значи кога ше се исцрпат овие програми престанува да постои значењето на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

Второ, зошто да не бидат внесени програма на Европска унија од областа на образованието во која што голем дел на програми кои што до сега не беа пристапни за Република Македонија, можеби во наредниот период, со стекнување на кандидатски статус односно со стекнувањето на кандидатскиот статус и започнување на преговори за членство во Европска унија ќе бидат достапни особено во делот на седмата рамковна програма за која што колегата Положани дискутираше дека воопшто овде не се опфатени делот на наука или вклучување на млади кадри во делот на научно истражувачки проекти, за кои што се подготвува посебна програма во делот на Европската комисија за наука во Брисел.

Навистина станува нејасно зошто има потреба да се дефинираат точно овие две програми, а не се заменува програма на Европска унија од областа на образованието која што има поширок поим и е пофлексибилен самиот закон.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути за реплика на заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазаров:** Пратеникот Герамитчиоски во својата дискусија при општата расправа го спомна ова, зошто оваа програма точно гласи за програмите на Европска унија 2007 до 2013 година. Тоа се одлуки на Европската унија, одлука 1719 од 2006 година на Европскиот парламент и Советот од 15 ноември 2006 година за утврдување на програмата “Млади во акција” за период од 2007 до 2013 и Одлука 1720 од 2006 година на Европскиот парламент и Советот од 15 ноември 2006 година за создавање акциона програма од областа на доживотно учење. Значи, така дословно гласат и Брисел инсистира така да стојат и во нашиот закон.

Ова е целосно усогласено и заеднички правено со Брисел.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеникот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Јас не знам зошто не се разбираме. Јас знам дека тие две програми во моментот се пристапни за користење од страна на Република Македонија, но има и други програми кои што сега можеби не се пристапни, но во догледно време можат да станат пристапни. Не верувам дека Брисел инсистира како да изгледа обликот на нашиот закон, ви се молам. Брисел ни кажува што во моментот ни е достапно и тоа може да се промени, навистина зошто во законот да нема поширока рамка или дали тоа значи ако се изцрпат овие програми престанува да важи овој закон, или ќе треба да се менува законот, или да се измислува некоја друга форма. Не држи образложението, не верувам дека Брисел инсистира каков облик ќе има законот во Република Македонија. Даваме поширока рамка и пошироки можности.

**Иван Анастасовски:** Што барате, ако барате збор тоа е друго, бидејќи предлагач на амандманот е колешката Славица Грковска. Бидејќи немате право на дообјаснување со пратеникот, во тој случај има збор пратеникот госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Јас би сакала да објаснам уште еднаш каква е интенцијата на овој амандман и се надевам на поголемо внимание на пратениците од парламентарното мнозинство, кои што за жал не беа присутни во салата кога беше општата расправа. Дозволете ми да ја искажам

својата разочараност заради тоа, заради тоа што овој закон е навистина од исклучителна голема важност за Република Македонија и очекував поголема заинтересираност за парламентарното мнозинство, а не само декларативни заложби за приближување на Македонија кон Европската унија.

Она што го предлагаме со овој амандман е практично поопшта формулација на соодветните програми кои што до сега функционираа и кои то ќе се применуваат или кои што нашите млади луѓе во Република Македонија ќе имаат можност да ги користат и да аплицираат на нив. Заради тоа што ние не можеме да кажеме дека носиме закон кој што ќе трае само шест години, онолку колку што овие програми сега е предвидено да траат. Со поопшта формулација која гласи “за остварување на програмите на Европската унија од областа на образованието” практично овозможуваме и отвораме врата за користење на програми кои што во меѓувреме исто така ќе бидат предлагани и усвојувани од страна на Европската унија.

Затоа сметам дека Македонија нема да изгуби со вака општа формулација, туку напротив ќе добие, затоа што нема да не стави во ситуација како Парламент постојано да усвојуваме измени на закони до колку Националната агенција ќе биде принудена да ја прошири листата на програми од областа на образованието, кои што до сега се прифатени од Европската унија, туку напротив ќе може брзо да се прилагодуваат и да ги стави своите услги во сервис на младите луѓе на Република Македонија за сите идни проекти од областа на образованието кои што ќе бидат усвоени.

Јас навистина морам да го искажам своето разочарување заради ваквото невнимание и незаинтересираност од страна на парламентарното мнозинство, а ако во текот на општата расправа имавме едвај десетина души присутни од страна на пратениците од власта, меѓу кои и оние кои што во интерес на студентите “штрајкуваа” пред Парламентот, а воопшто не земаа учество, ниту пак учествуваа во салата додека траеше расправата за вака важен закон за младите во Република Македонија очекувам барем сега кога мора да бидат присутни за да прават кворум и да се гласа за амандманите, барем да внимаваат и да слушаат за што станува збор, заради тоа што апелирам на нивниот пратенички мандат кој што би требало да биде во функција и во интерес на граѓаните и да размислат да го прифатат овој амандман заради тоа што е само предлог кој Што овозможува поширока употреба или овозможување на поширок спектар на програми од областа на образованието кои што во иднина можат да бидат предложени. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути за реплика на заменикот министер за образование, повелете.

**Јован Лазаров:** До колку Советот на Европа и Европскиот парламент после шест години ја надополнат, ја надградат, ја променат програмата и одлуките, или донесат нова одлука, нова програма, тогаш после шест години ние ќе го надоградиме овој закон. Затоа е овој закон шест години.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика за пратеникот Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Тогаш зошто почитуван заменик министер не ставивте во преодни и завршни одредби дека рокот на траење на овој закон завршува за шест години и да не ги доведуваме во заблуда младите. Да знаат дека имаат рок од шест години и да ги искористат програмите кои што се нудат во овој закон.

Ако вие тврдите дека ако трае шест години, за шест години ќе престане овој закон тогаш ставете го тоа во преодни и завршни одредби и ние воопшто немаше да предложиме амандман.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Зоран Петрески.

**Зоран Петрески:** Почитувана колешке мислам дека не е коректно да ја дезинформирате јавноста околу заинтересираноста или незаинтересираноста на парламентарното мнозинство. Ако погледнете ќе видите дека околу вас, освен вас и вшиот колега Герамитчиоски не сте убедиле ниту еден друг пратеник да остане во салата и да го поддржи вашиот амандман, а овде зборувате за наша незаинтересираност за овој закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван господине Петрески јас кажав дека вие влеговте сега во салата заради тоа што бевте едвај десетина души кога беше општата расправа, заради тоа што треба да обезбедите кворум и да гласате за амандманите. Во спротивно ќе се прекине оваа седница, исто како и многупати до сега заради ваше неприсуство.

Инаку, нашите пратеници пишуваат амандмани за седницата која што е закажана на 10 јули, а за која што рокот за поднесување амандмани истекува утре. За жал, вие такви обврски немате, заради тоа што вие не чувствувате потреба да пишувате амандмани, меѓутоа ние мораме да го правиме тоа заради тоа што сакаме да дадеме свои предлози за подобрување на законските решенија. Проблемот е кај претседателот на Собранието односно кај Груевски кој што му наложува на претседателот на Собранието една преку друга да закажува седници на Собранието и ние сме во постојана трка во достигнување на роковите за поднесување на амандмани за да можеме да придонесеме за подобри текстови на законите. Благодарам.

(Реакција на некои пратеници во салата).

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Не сакам да бидам досаден, во членот 9 корисници на програмата сте напишале многу широк спектар на корисници. Од тој широк спектар на корисници не е можно еден дел да се најде во овие програми.

Ако е така, ако држи вашето објаснување дека ви е наложено само овие програми, со потпрограмите, или проектите да бидат внесени имам едно прашање. Што е со седмата рамковна програма, зошто да не може да биде користена во делот на науката во рамките на оваа агенција на која што и ги намалувате можностите.

Второто прашање е зошто тогаш имате неусогласеност на овие две програми со широка лепеза на корисници на програмите, за кои што сте напишале буквално "секој", од секоја струка, од секоја област, уште фалат домаќинки овде да бидат внесени во корисниците на програмата и конкретно ќе биде покриена.

Има неусогласеност со објаснувањето кое што е дадено и тоа не може никој да ме убеди.

Седмата рамковна програма е клучна и тоа се инсистираше на министерската конференција на министрите за наука во научно истражувачките тимови да бидат вклучувани студенти. Не значи само научно истражувачки подмладок, туку и студенти.

**Иван Анастасовски:** Три минути за реплика за заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Благодарам потпретседателе.

Сега да не мешаме разни програми. Седмата рамковна програма веќе стартуваше и веќе е завршено аплицирањето до 30 јули беше рокот за аплицирањето по седмата рамковна програма и има доста проекти пријавено. Тоа си оди и си тече преку наука, ова е нешто друго ново, програма која што е точна по одлука на Советот на Европа и Европскито парламент 2006 до 2013 година.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика за пратеникот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Но нема прецизен рок кога може да се конкурира за проектите од седмата рамковна програма. Одвреме навреме се отвораат можности, стартуваат циклуси. Јас ве уверувам дека во било кој циклус, било кој поединец или институција како партнер може да биде вклучен во постојни научно истражувачки проекти. Така да не држи ова објаснување дека е пропуштен рокот. Наредните седум години не ќе може да се конкурира при конституирање на агенцијата да не може да ја покрива оваа област.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам.

Чисто заради коректност и заради тоа да дадеме прецизна информација, би сакал да потенцирам две работи.

Прво, програмите ЈУТИ НЕКШН, односно "Млади во акција" и "Долгорочно учење" во моментот траат до 2013 година. Сите што барем малку ја знаат Европската унија и процедурите на работа и носење на одлуки во Европската унија занаат дека сите програми се разгледуваат на секои седум години и се продолжува нивниот рок на траење доколку се покажат како успешни. Така што, до колку овие програми се покажат како успешни, а сега засега такви се покажуваат во Европа ќе продолжат да важат уште седум години и веројатно уште седум, па уште седум. Тоа е по однос на првиот дел.

По однос на вториот дел, по однос на седмата рамковна програма она што е вклупно за европски рамки има околу 50 милијарди евра за истражување и она што е значајно и што треба да се потенцира, во интерес на јавноста да кажам и тоа се две работи.

Прво, се работи за централизирана програма за која што нема институционална можност да се отворат локални институции, како што е Националната агенција која што би ја користела, туку се користи централизирано од Брисел.

Втората работа која што исто така треба да ја знае јавноста е дека таа програма веќе може да се користи заради тоа што на 13 јуни Поточник и Рушити потпишаа меморандум за соработка, со кој што веќе може да се користи оваа програма.

Ова го кажувам чисто во интерес на познавање на фактите и да немаме замена на тези. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Пред да ве повикам да гласаме, би замолил за влезете во салата.

Колегите кои се надвор од залата би ги замолил да влезат во салата и да пристапиме на гласањето.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Ги молам службите да утврдат точен број на пратеници кои се присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Ги молам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Бидејќи во салата имаме 61 пратеник, ве повикувам да гласаме.

Од 61 пртеник во салата вкупно гласале 60, од кои 4 за, 1 воздржан и 55 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на точка 1, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Овој амандман е со цел да се подобри текстот на законот.

Владата го прифаќа овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 алинеја 1, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

Се предлага зборовите "подобри работни места", да се избришат. Ние инсистираме да остане како што е "повеќе и подобри работни места", квалитетни работни места. Од тие причини не се прифаќа овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Овој амандман го предложивме заради тоа што нема прецизна дефиниција за тоа што значи подобро работно место, каква е интенцијата и што конкретно подразбира Владата кога ни предложила ваква формулација, што за Владата претставува подобро работно место во смисла на овој закон. Затоа сметавме дека целта е да се отворат повеќе работни места. Меѓутоа, вие не можете да определите генерално дека тоа ќе бидат сите подобри работни места заради тоа што тоа е индивидуално чувство на секој од оние кои ќе аплицираат за одредено работно место, за некого е подобро, за некого не е подобро. Затоа мислам дека таква релативна категорија која зависи исклучиво од индивидуалните перцепции на граѓаните на Република Македонија, не може да биде регулирано со закон. Во таа смисла беше предложен овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, вкупно гласале 58, за гласале 3, од гласање се воздржале 2, против 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 алинеја 2, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

Се предлага зборот "одлично", кој е содржан во реченицата што ќе ја прочитам. Имено вели "придонесува кон развивање на квалитетно доживотно учење и промовира одличност, иновација и европска димензија на системите и практиките од областа". Значи зборот "одличност", понатаму се повеќе ќе се среќава во нашата терминологија, ќе се формираат центри за одличност. Тој термин веќе секаде во светот е присутен како таков, ние го вметнавме овде и не прифаќаме тој да се избрише.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Ова е еден од тие термини што сметавме дека претставуваат буквален превод од странски јазик.

Сметам дека Владата требаше да се потруди да најде посоодветен термин, македонски термин за она што на англиски претставува екселанс, ако се мисли на тоа. Затоа сметавме дека терминот што го предлагаме е посоодветен македонски термин кој одговара на англискиот термин кој се употребува во ваквите закони и во овие програми заради тоа што "одличност", мислам дека е збор кој не е доволно јасен за да може да има прецизни индикации или да укажува на прецизни индикации кај оние кои сакаат да аплицираат или кои ќе го читаат овој закон.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам потретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги.

Мислам дека амандманот држи и јас би го поддржала, затоа што навистина "екселенс" е чисто некоја несреќна адаптација на англиски збор, а ова што го предлага колешката е сепак македонски збор, додуша нова кованица македонска, меѓутоа и тоа е дел од процес на формирање на зборови.

Мислам дека би било добро да се размисли и да се прифати.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58, за гласале 11, од гласање се воздржале 3, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 алинеја 4, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Овој амандман придонесува за подобрување на текстот и од тие причини амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој ставува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 алинеја 6, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој ставува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 алинеја 9, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** И овој амандман се прифаќа. Придонесува за подобрување на текстот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој ставува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 алинеја 11, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Овој амандман не се прифаќа бидејќи ќе ја промени суштината.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Само што помислив дека барем оние амандмани кои навистина го подобруваат текстот и суштински го менуваат, се разбира, не се само од номотехнички карактер, дека сите ќе ги прифати заменик министерот, меѓутоа, за жал, ме демантираше со овој амандман.

Амандманот предлага во член 4, алинеја 11, зборовите "најдобрата употребата", читам онака како што е предложен законот, за жал, се заменуваат со зборовите "употребата на најдобрите".

Целта на нашиот амандман е алинејата да гласи на следниот начин - "ја поттикнува употребата на најдобрите резултати, иновативни производи и процеси и ги разменува функционалните практики". Така како што сега е предложено гласи: "ја поттикнува најдобрата употребата на резултати", што е сосема различно, барем според наше мислење, од она што е интенција на овој закон.

Апелирам до парламентарното мнозинство да го прифати амандманот.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Ајде да направиме еден тест.

Значи, еден технички амандман за подобрување на тектот, не претендирам дека сум лице кое добро ја владее областа на јазичната употреба, но само сослушајте. Значи, "ја поттикнува најдобрата употреба на резултати", а ние кажуваме "ја поттикнува употребата на најдобрите резултати". Сега ценете вие дали ова е во ред или не е во ред. Тоа е принцип на работа на овој Парламент.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Не се согласуваме баш затоа што менува суштина. Ние инсистираме употреба на сите резултати на најдобар начин, а тие претдлагаат употреба само на најдобрите резултати. Така да суштински е различно тоа.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Не е целта да се употребуваат сите резултати. Како најдобро ќе употребите лош резултат. Ние не сакаме да употребуваме лоши резултати. Целта е да се употребуваат најдобрите резултати односно употребата на најдобрите резултати да биде овозможена. Нас треба да ни биде цел да иницираме добри резултати и да ги употребуваме добрите или најдобрите резултати, а не сите, па

дури и лошите. Како ќе го извлечете најдоброто од лош резултат, каков ќе биде ефектот? Никаков.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Да не вулгаризираме дека сега лоши резултати ќе употребуваме. Резултатите, како што кажавте, може да бидат добри, многу добри и одлични. Само на добрите, степенувани, се употребува. Лоши резултати не може да се употребуваат. Да не вулгализираме.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Пред да ве повикам да гласаме, ги молам пратениците да влезат во салата.

Би ги замолил службите да утврдиме точен број на пратеници кои се присутни во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 55 пратеника, за гласале 9, нема воздржани, 46 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандманот на член 9 алинеја 5, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа од причина што се предлага цела алинеја да се избрише, а таа е: лица и органи одговорни за системите и политиките кои се однесуваат на било кој аспект од доживотното учење на локално и централно ниво.

Од тие причини не го прифаќаме овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Процедурално господинот Владимир Ѓорчев, повелете три минути.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе,

Јас би предложил односно би замолил до завршување на оваа точка да работиме и по 18,00 часот додека да ја завршиме оваа точка.

Молам за поддршка од 10 пратеници.

**Иван Анастасовски:** Дали имате поддршка? (Има). Ви благодарам.

(Излегоа неколку пратеници од опозицијата).

Предлогот на пратеникот Владимир Ѓорчев, го ставам на гласање, Собранието да работи до завршување оваа точка.

Пред да го ставам предлогот на гласање би ги замолил службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои во моментот се присутни во салата за да биде валидно гласањето.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Би ги замолил колегите пратеници да влезат во салата за да гласаме за предлогот на пратеникот Владимир Ѓорчев.

Бидејќи немаме доволен број на пратеници за да гласаме за предлогот на пратеникот Ѓорчев, тогаш се враќаме на расправата.

Амандманот не беше прифатен од страна на Владата.

Има збор пратеник госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Потпретседателе, ако успеав да го слушнам ...

**Иван Анастасовски:** Колеги, ве молам да се сослушаме. Повелете.

**Славица Грковска:** Дали можам да продолжам потпретседателе?

**Иван Анастасовски:** Колеги, ако може да се сослушаме, не мора сите да коментирате. Повелете колешке Грковска.

**Славица Грковска:** Гледам пратеничката група на ДПА има координација во салата, ако треба да дадеме пауза ...

**Иван Анастасовски:** Не се бучни, се координираат тивко, слободно продолжете.

**Славица Грковска:** Ако успеав да го разберам заменик министерот, мислам дека станува збор за недоразбирање. Ние не предлагаме бришење на целата алинеја. Ако го читавте внимателно ние предлагаме да се избришат првите два збора заради тоа што сметаме дека нема потреба во алинејата да стои лице и органи одговорни за системите и политиките и т.н., туку да стои одговорните за системите и политиките кои се однесуваат на било кој аспект и понатаму да продолжи реченицата.

Значи, ние не предлагаме, апсурдно е, ние никогаш не би се довеле во ситуација да предложиме бришење на цела ваква алинеја заради тоа што е навистина многу важна.

Не знам како разбрал заменик министерот, се надевам дека станува збор за недоразбирање, дека ќе го разгледа уште еднаш нашиот амандман, ќе го прочита убаво и ќе го смени ставот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

За реплика е пријавен заменик минситерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Остануваме на тоа да не го прифатиме амандманот.

**Иван Анастасовски:** Министерството останува на своите позиции.

Една минута контра реплика за пратеникот госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Тоа што го кажа во образложението заменик министерот причините

заради кои не го прифаќа овој амандман не држи. Сега навистина не ми е јасно што е она што го попречува заменик министерот да го усвои овој амандман? Заради тоа што нависитна сметам дека ограничување меѓу лица и органи во ваква алинеја не е соодветно заради тоа што поширокатa формулација - одговорните за системите и политиките е многу подобра заради тоа што ги опфаќа сите лица кои се одговорни на различни нивоа на одговорност кои се наоѓаат, согласно овој закон. Мислам дека е многу посоодветна формулацијата.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејки нема повеќе за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да преминеме на гласање, ги молам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно присутни 63 пратеника гласале 59, за гласале 5, еден се воздржал од гласање, 53 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандманот на член 9 за бришење на алинеја 8, поднесен од пратениците Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеник Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Овој амандман го предложивме заради тоа што одредени формулации од оваа алинеја воопштоне се опфатени со други закони. На пример асоцијации на возрасни ученици. Такво нешто не постои дури ни во Предлог законот за образование на возрасни. (Галама во салата).

Јас навистина би ве замолила за внимание затоа што станаа невозможни условите за работа.

**Иван Анастасовски:** Колеги, ако може да се сослушаме, за малку внимание, повелете.

**Славица Грковска:** Значи како што реков, содржи формулации и асоцијации кои воопшто не постојат ниту пак се предлага да се формираат со други закони кои се надлежни за тоа. На пример, во Законот за возрасни кој е исто така предложен, воопшто не постои термин асоцијација на возрасните ученици.

Јас навистина би сакала да ми образложи заменик министерот што подразбира под асоцијација на возрасните ученици и тогаш ќе размислам дали амандманот сме го предложиле како што треба или не. Да не зборувам за други формулации кои исто така се опфатени со оваа алинеја.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика пратеник Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Ова е еден од редицата амандмани кои практично ја губат сопствената смисла. Имаме вкупно 18 амандмани од кои реално 14-15 ја изгубија сопствената смисла и практично тоа што го деклариравме пред околу два часа дека сакаме да го поддржиме закон, дека ни треба агенцијата и дека е ова европски закон кој треба да го донесеме, сега покажуваме дека во суштина не е така. Имавме обид да продолжиме денеска да работиме нешто подоцна за да го изгласаме законот, имајќи предвид дека утре имаме други седници, но оние кои го подржуваат законот, за жал, не сакаат да поработат.

Во однос на она што се предлага, се предлага да се брише членот 8 кој, во интерес на јавноста, целиот ќе го прочитам. Вели:

“Асоцијации кои дејствуваат во областа на доживотното учење вклучувајќи ги студентските, асоцијациите на учесниците во обуката, ученичките, наставничките, електронските и асоцијациите на возрасни ученици”.

Имајќи ја предвид аргументацијата која ја даде колешката дека не знае што е асоцијација на возрасни ученици односно дека такви нема и дека се обидува тоа да го промени со бришење на цел став односно цела алинеја, што е апсолутен нон сенс.

Ако сака тоа да се промени може да се предложи амандман со кој само ова би се избришало број 1 или број 2 би можело во законот кој го спомна да се предложи амандман во кој би се предвидела ваква асоцијација.

На овој начин, до колку се прифати нивниот амандман, ќе оневозможиме студентите, учениците, наставниците, родителите кои се спомнати овде да ги користат програмите што е основа на членот 9 и практично самата агенцијата, односно самиот закон губат смисла.

Тука се отвора едно политичко прашање дали кога поднесуваме амандмани односно разговараме за одредени закони, ги поднесуваме и разговараме само за да ги поднесеме и разговараме или го поднесуваме и разговараме суштински да го подобриме текстот и за да имаме подобар законски текст.

Со некои претходни амандмани беше така, но, за жал, со овој амандман не е така односно по мене амандманот по образложението што го даде колешката губи смисла и е поднесен само за да биде поднесен. Се надевам дека на некоја наредна седница ќе имаме прилика да продолжиме да дискутираме за агенцијата и дека

агенцијата ќе профункционира во наредниот период.

За жал, формирањето на агенцијата ќе доцни уште некој месец заради однесувањето на дел од колегите кои поднесуваа амандмани и т.н., и т.н. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеник госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Да бевте загрижени за Европската агенда сега ќе имавте 61 пратеник и ќе имавте кворум за да изгласате се што сакате, а немате.

Да бевте загрижени за Европската агенда овој закон наместо денеска ќе го разгледувавме веднаш во јули кога беше предложен на дневен ред и ќе го усвоевме веднаш тогаш.

Да појаснам за амандманот заради тоа што не ви е јасно, очигледно не сте го прочитале законот.

Во последната алинеја на член 9 содржи дека корисници на програми можат да бидат, меѓу другото, здруженија на граѓани и фондации. Ова е широка формулација која ги опфаќа сите асоцијации кои се предложени во членот кој ние сега предлагаме да се избрише. Законот ништо не губи со ова, туку напротив ние спречуваме некакво селективно наметнување на креирање на одредени асоцијации.

Со последната алинеја во законот за здружение на граѓани и фондации, ние практично ги покриваме сите оние асоцијации кои се дадени во оваа алинеја и им е овозможено да ги користат програмите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Додека имаме бројка од 61 пратеник, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 57 пратеника, 3 гласале за, нема воздржани, 54 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Бидејќи сме на крајот, почитувани колеги, од работното време, овде ја завршуваме денешната работа, а за продолжение на оваа седница ќе бидете дополнително известени.

Утре во 11,00 часот имаме нова 68-ма седница, а по завршувањето на 68-та седница, почнуваме со нова 67-ма седница. Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,02 часот)